СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 9 НОЕМВРИ 1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 88
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 31,32
3. АБДИ ФАИК - 48, 54
4. АЛИУ ЕШТРЕФ - 54
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 56
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 28, 30, 47, 84
7. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 45
8. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 75
9. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 76
10. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 20, 46, 69
11. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 16, 19
12. МИНОВ ПАНЧЕ - 65, 68
13. ПЕТРОВ ТОДОР - 1, 4, 6
14. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 40
15. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 47
16. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 77, 80, 81
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 87
18. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 85
19. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 59,62
20. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 37, 39, 48
21. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 70, 76
22. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 42,67,69.

- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 ноември 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно ,да одлучува.

Минуваме на **точка 1** - Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Интерпелацијата Ви е доставена, дописот на претседателот на Републиката и дописот на претседателот на Собранието Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, еден од подносителите да ја образложи интерпелацијата.

Господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ова е мое лично мислење, за мотивите кои мене ме погодија како пратеник користејќи го уставното право да поднесам интерпелација за работата на претседателот на Собранието, а верувам дека и останатите потписници во текот на претресот ќе го кажат своето лично мислење и личните мотиви за поднесувањето ан интернацијата за работата на претседателот на Собранието на РМ.

I/2.- CJ-ВБ

Како да беше вчера, се сеќавам на 8 јануари 1991 година кога без никакви предрасуди на конститутивната седница на овој Парламент го ставив потписот со групата од 20 пратеници на предлогот за избор на пратеникот Стојан Андов за претседател на Собранието на РМ, доколку евентуално Комисијата за избор и именување не го предложеше истиот пратеник како кандидат за претседател на Собранието на Македонија од своја страна. Без намери на против или не на таквото приклонување имајќи во предвид дека позицијата и тогаш и сега сеуште како независен пратеник. Меѓутоа, старо правило е и тоа, дај му на чоек власт за да видиш колку вреди, и нормално секој со свои оценки и проценки за тоа кој колку вреди за секого.

Како независен пратеник во текот на мандатниот период доволно го проценив актуелниот претседател на Собранието и како што повеќето во разни прилики имаа можност да ги искажат личните оценки за пратеникот Тодор Петров, така и јас се одлучив да ги искористам уставните механизми за да го кажам моето мислење, лично за работата на господинот Стојан Андов на функцијата, претседател на Собранието. Основен заклучок за мене лично е дека господинот Стојан Андов ја изгуби лично мојата доверба да биде претседател на Собранието на Македонија, а останатите пратеници, велам, дека секој според сопственото уверување ќе го искаже својот однос спрема господинот Стојан Андов со изјаснувањето по интерпелацијата, ако веќе сметките не се направени, па во интерес на позициите да се проголтаат сите недоследности во неговата работа.

Често пати кога пратениците поставуваат процедурално прашање меѓу нив почесто и јас со убедување дека е повреден Деловникот одговорот на претседателот е дека нема основ тој да се напаѓа со изјави дека тој манипулира со текот на седниците, но ако пратениците сакат конкретно да зборуваат за неговата работа тоа може да го направат само ако покренат интерпелација притоа користејќи ги механизмите за

утврдување на одговорноста и за расправа за работата на носителите на јавни функции утврдени со Уставот на Македонија. Поучени од таквите многубројни укажувања на господинот Андов доставивме интерпелација за неговата работа доставена на 7 октомври 1993 година во архивата на Собранието и тоа за првпат група пратеници припадници на различни пратенички групи и политички партии, скор од сите пратенички групи и од опозицијата и од коалицијата.

Ја користам можноста да ја образложам интерпелацијата и да го искажам моето лично мислење веројатно и останатите потписници ќе го искористат своето право во текот на претресот на интерпелацијата да го искажат своето односно нивното лично мислење и мотиви.

Претседателот на Собранието Стојан Андов испрати допис до пратениците во Собранието на Македонија под број 31-3490/3 од 2 ноември 1993 година со кој не извести дека во согласност со членот 48 од Деловникот на Собранието интерпелација се става на дневен ред на првата наредна седница по истекот на еден месец од денот на приемот на интерпелацијата и дека на денот на почетокот на 68-та седница на истекот на тој рок 7 ноември 1993 година ќе останат уште 3 дена.

Понатаму, претседателот Стојан Андов не известува дека имајќи предвид дека рокот од еден месец не е предвиден пред се во интерес на оној за чија работа е поднесена интерпелацијата за да го подготви својот одговор како и тоа дека нема да го искористи правото на Собранието да му поднесе писмен одговор, му предложи на собранието интерпелацијата да биде утврдена во дневниот ред за седницата и тоа ова Собрание го стори на 4 ноември 1993 година. Тоа донекаде е во ред, меѓутоа како и на сите досега разгледувани интерпелации не може а да не се констатира индиферентниот однос на оној за чија работа е поднесена интерпелацијата и едноставно обврската за доставување писмен извештај со свои мислења и ставови по повод интерпелацијата,

да го толкува и прифаќа само како право ако сака да даде писмено мислење и извештај по однос поднесената интерпелација за неговата работа, што исто така трајно неодговорен однос кон подносителите на интерпелацијата за еден институт утврди со Уставот.

Имено врз основа на член 47 став 1 од Деловникот децидно е кажано дека оној за чија работа е поднесена интерпелацијата ја разгледува и до претседателот на Собранието доставува писмен извештај за своите мислења и ставови по повод интерпелацијата.

Во истиот член 47 став 2 од Деловникот се вели "Оној за чија работа е поднесена интерпелација е должен, и повторувам, е должен извештајот по повод интерпелацијата да го достави до Собранието најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на интерпелацијата за да претседателот го упати извештајот до пратениците".

Во членот 49 став 2 од Деловникот се вели "Оној за чија работа е поднесена интерпелација има право на седницата усно да го образложи извештајот за интерпелацијата" и тоа е се и ништо повеќе. Неподнесувањето писмен извештај само ја зголемува одговорноста на оној за чија работа е поднесена интерпелација токму од причините што писмен извештај не поднел.

Од пратеникот Тодор Петров на 7 октомври 1993 година беше доставена една процедурална забелешка нека и не е во согласност со Деловникот иако така беше формулирана, но на 2 ноември 199* година претседателот Андов дава писмен одговор по неа до пратеникот Петров Тодор. За мене лично полн со цинизам а не нашол сходно време да одговори по интерпелацијата доставена од група пратеници како институт утврден со Уставот на Македонија. Тоа само за себе доволно зборува за односот на претседателот кон пратеничките иницијативи и предлози. Меѓутоа, да прифатиме дека е и тоа така како што оној за кого

се однесува интерпелацијата си го толкува правото да дава или да не дава писмен извештај по однос на поднесената интерпелација.

Со членот 67 од Уставот на Македонија "Собранието на Македонија од редот на пратениците избира претседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Претседателот на Собранието го претставува Собранието, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот и со Деловникот на Собранието на Македонија". И, понатаму, функцијата претседател на Собранието е неспоива со вршење на друга јавна функција професија или функција во политичка партија.

Врз основа на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието исто така во своја надлежност ги свикува седниците по сопствена иницијатива како и што ги предлага точките за дневен ред на седниците . Што значи, директно е сврзан и одговорна за ефикасноста во работењето на Собранието, а со примената на одредбите на Деловникот е во позиција директно да влијае за текот на седниците и резултатите од нив. Меѓутоа, и покрај се Парламентот запаѓа се почесто во блокади нарушен е дигнитетот на највисоката законодавна власт во државата а неефикасноста од работењето и неработењето е очигледна. Најголем придонес според мене лично за ваквите состојби независно од меѓупартиските односи во Парламентот помеѓу пратеничките групи и пратениците и на сегашниот претседател на Собранието кој неослободен од теснопартиските интереси за позиции во државната структура во власта и во стопанските претпријатија и други институции во државата често пати свесно манипулира со примената на одредбите од Деловникот на Собранието донесен уште од времето на Законот на здружениот труд и еднопартискииот систем и Парламентот го претвара во арена на неработење отколку за она и во она за што и ги има уставните овластувања и надлежности.

Ако се има предвид дека системот на гласањето во Парламентот се пролонгира веќе три години, а Деловникот на Собранието иако во фаза на предлог деловник готов уште пред една година воопшто не дошол на дневен ред на седница на Собранието на Македонија, тогаш станува уште појасна сликата за местото и улогата на претседателот на Собранието во ваквите состојби во Собранието. И, не честопати заради нерегулираниот систем на гласање со автоматско гласање се злоупотребува гласањето по точките што се на дневен ред во стилот од левата страна 23, од десната 30, вкупно 60 гласови.

Воедно, изјавата на претседателот на Собранието на Македонија на третото продолжение на 67-та седница на Собранието одржа на 1 октомври 19 93 година, според мое лично мислење претставува флагрантно кршење на Деловникот на Собранието на Македонија, Уставот на Македонија, Уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија и на Заклучокот на Собранието на Македонија од Второ продолжение од 27-та седница на Собранието одржана на 5 октомври 19 91 година. Имено, претседателот на Собранието на Македонија, Стојан Андов на Третото продолжение на 67-.та седница одржана на 1 октомври 1993 година изјави: "Ве известувам дека заради уставните решенија јас денес не гласам бидејќи претседателот на Републиката е отсутен и кога го заменува претседателот на Собранието претседателот се мисли на Собранието, не гласа, за да нема недоразбирање зошто не гласам во текот на седницата". Оваа изјава на претседателот на Собранието на Македонија е дотолку интересна и треба да предизвикува сериозно внимание бидејќи претставува кршење на одредбите 26, 124,125 и 126 од Деловникот на Собранието на Македонија, членот 82 од Уставот на Македонија и член 10 ставовите 2 и 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија. Понатаму, директно го

суспендира легитимно избраниот претседател, и неговите надлежности за време на мандатот утврдени во Уставот на Македонија, ги пречекорува овластувањата на претседателот на Собранието на Македонија надвор од утврдените со Уставот на Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија, отвора можности за некое руско сценарио и ја наметнува дилемата дали при евентуално времено отсуство и тоа службено, по службена должност или какво и да е друго отсуство на легитимниот претседател надвор од територијата на Републиката како што беше случајот при посетата на актуелниот претседател на Македонија Киро Глигоров на седиштето на Организацијата на Обединетите Нации во Њујорк и САД актуелниот претседател на Собранието на Македонија не би превзел надлежности од делокругот на претседателот на државата утврдени со Уставот или законот.

Во членот 82 од Уставот на Македонија се вели: "Во случај на смрт, оставка, трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот по сила на Уставот до изборот на нов претседател на Републиката функцијата претседател на Републиката ќе ја врши претседателот на Собранието. Настапувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Републиката го утврдува Уставниот суд на Република Македонија по службена должност. Во случај на спреченост да ја врши функцијата претседател на Републиката тој учествува во работата на Собранието, без право на одлучување".

Во членот 10 ставовите 2 и 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија што и во дописот на претседателот се заборава пак се вели:"Одредбата до членот 82 на Уставот ќе се применува по одржувањето на новите избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран потпретседателот на претседателот на Република Македонија. Потпретседателот на претседателот на

I/9.-

Република Македонија продолжува да ги врши функциите со права и должности утврдени со амандманот 7 5 на Уставот на РМ до одржувањето на нови избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран."

Во амандманот 75 точка 7 на Уставот на СРМ од 1974 година се вели:"на претседателот на Републиката му помага потпретседателот на претседателот на Републиката. Претседателот на Републиката во случај на отсутност или спреченост да ја врши функцијата го заменува потпретседателот. Во случај на смрт или трајна спреченост на претседателот да ја врши функцијата или во случај на отповикување најдоцна во рок од 60 дена Собранието избира нов претседател на Републиката. Потпретседателот по предлог на претседателот на Републиката го избира и разрешува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови на сите пратеници , со тајно гласање, според постапката утврдена со закон".

Во сеуште актуелниот закон за избор и разрешување на претседателот на СРМ и на потпретседателот на претседателот на СРМ ("Службен весник на СРМ" број 38/90), во членот 23 е утврдено дека "Кандидатот за потпретседател го предлага претседателот на Републиката на истата седница на која е тој избран". Собранието на Македонија со двотретинско мнозинство гласови на предлог на претседателот на Републиката на седницата одржана на ден 1 февруари 1991 година го избра господинот Љупчо Георгиевски за потпретседател на претседателот на Републиката. Собранието на Македонија исто така заради поднесената оставка на функцијата потпретседател на претседателот на Македонија од страна на господинот Љупчо Георгиевски на 27-та седница на Собранието на Македонија одржана на 5 декември 1991 година на предлог на претседателот на Собранието на Македонија го донесе следниот заклучок: "Со оглед на поднесената оставка констатирам дека на Љупчо Георгиевски му престанала

функцијата потпретседател на претседателот на Република Македонија, по негово барање."

Во согласност со членот 10 став 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија функцијата потпретседател на претседателот на Републиката се врши со одржувањето на нови избори. Имајќи го во предвид ова предлагам Собранието да заклучи да се покрене постапка за избор на потпретседател на претседателот на Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 81 пратеник, еден пратеник бил против, 3 се воздржани, изјавата на претседателот е - констатирам дека предлогот е усвоен. Завршен цитат.

Иако постапката за избор на потпретседател на Претседателот на Републиката не е завршена, таа мора да се изврши, за мене лично несогледливи се последиците и импликациите од таканареченото самопрмовирање и самопрогласување на претседателот на Собранието Стојан Андов во заменик на Претседателот на Републиката. Отсуството на Претседателот на Републиката надвор од границите на Македонија, надвор од границите на државата, само по себе не значи спреченост за вршење на функцијата колку нам на сите ни беше познато актуелниот претседател на Републиката Киро Глигоров во седиштето на Обединетите Нации беше во својство на претседател на Република Македонија и вршејќи ја функцијата претседател.

Нелогично е и несфатливо е самопрогласувањето на Стојан Андов во заменик на претседателот на државата преземајќи на тој начин, надлежности од членот 82 од Уставот на Македонија во време на отсуство на актуелниот претседател на државата надвор од неа вршејќи ја притоа функцијата претседател. Иако со уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија точно е дефинирано кога може да се применува членот 82 од Уставот на Македонија и тие овластувања кои ги наведува Претседателот на Републиката во неговиот до пис до Собранието на Република Македонија.

Се уште не сме свесни за уставно - правните последици од неизбирањето на потпретседател на претседателот како институција до

II/2

новите избори, а што мора да се изврши и за што може да стане збор на некоја од наредните седници на Собранието.

Интервенцијата по однос на оваа изјава на претседателот на Собранието се однесува дека тој ги пречекори своите овластувања и го прекрши Деловникот на Собранието, Уставот на Македонија, уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија, Законот за избори и разрешување на претседател на СРМ и на потпретседателот на претседателот на СРМ како и заклучокот од 27-та седница на Собранието на Македонија кој со 81 глас беше усвоен на предлог на претседателот Стојан Андов од пратениците во Собранието на Република Македонија.

Впрочем, прашање за размислување е дали претседателот на Собранието Стојан Андов за време на посетата на Претседателот на Република Македонија во седиштето на Обединетите Нации ако истото не го правел во слични прилики при отсуство на претседателот од територијата на Република Македонија, но изврши вербален и дефакто стварен државен удар доведувајќи ја Македонија во состојба со вистински претседател во странство и со заменик претседател вршител на должноста претседател на државата односно во Република Македонија.

Не знам лично какви се односите и евентуално направените смети и пресметки помеѓу господинот Андов и господинот Киро Глигоров, но не може а да не го прокоментиран дописот на претседателот Киро Глигоров по повод интерпелацијата доставен до пратениците на 4 ноември пред почетокот на 68-та седница сметајќи дека со тоа се руши дигнитетот на претседателската функција и не наведува лично на заклучок или господинот Претседател на Република Македонија е уценет со распаѓање на коалицијата заради што го напишал дописот кој го доставил до претенциите или не ги проучил сопствените овластувања или треба да се постави прашањето какви луѓе го опкружуваат и опслу-

жуваат Претседателот на Република Македонија во претседателскиот кабинет особено' што доставувањето на дописот на претседателот е извршено на 4 ноември 1993 година непосредно пред почетокот на 68-та седница како и неговото објавување во средствата за јавно информирање неколку пати на 4 ноември 19 93 година е направено со цел да се изврши притисок врз пратениците во однос на изјаснувањето по доставената интерпелација.

Од дописот на претседателот на Република Македонија може да се заклучи, по мое лично мислење ги пречекорил своите овластувања затоа што го цитира само членот 82 од Уставот на Република Македонија, а го заборавил членот 10 ставовите 2 и 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Според мене лично во целиот тој допис доставен до пратениците прифатливи се само последните десет збора кои би можеле да се трансферираат во еден заклучок - дописот на претседателот Киро Глигоров до пратениците по повод интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието е чин што не одговара на односите утврдени со Уставот на Република Македонија, односно писмото е напишано во стилот "државата тоа сум јас", меѓутоа, според мене работите смрдат на она дека истата изјава од истиот француски крал "после мене потоп".

Некои дадоа коментар по дописот на Претседателот Глигоров дека коалицијата нема да се конфронтира со ставовите на претседателот на државата и можеби тоа е така, меѓутоа, претседателот заборавил дека во согласност со членот 87 став 1 од Уставот на Република Македонија цитирам "Претседателот на Републиката е одговорен за кршење не само на Уставот, туку и на законите во вршењето на своите права и должности". Дали уставниот закон во конкретниот случај за Претседателот на Република Македонија не важи? Ирелевантно е дали некој сакал

да кандидира кандидат за потпретседател на претседателот за да го заменува според овластувањата од амандманот 75 од Уставот од 1974 година во случај на отсуство, меѓутоа, треба да се постави прашањето чија е одговорноста што досега таа функција не е пополнета. Членот 82 од Уставот на Републиката се применува според уставниот закон само по одржувањето на новите избори. Тоа е од една страна.

Од друга страна никаде во Уставот не постои правото претседателот на Републиката да овластува било кој со некои посебни овластувања како што тоа го наведува во неговиот допис овластување на претседателот на Собранието да го заменува Претседателот на Републиката кое како право му припаѓа само на претседателот на Републиката, а поставување на прашањето во било кој контекст да се смета за чин што не одговара на односите утврдени со Уставот.

Зборот "спреченост" како што е дефинирано во членот 82 став 3 од Уставот не значи и отсутност. Отсутност како категорија беше дефинирана како право и овластување на потпретседателот на претседателот во амандманот 75 од Уставот од 1974 година.

Настапувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Републиката го утврдува Уставниот суд на Република Македонија по службена должност како што е наведено во членот 82 став 2, од Уставот на Република Македонија. Жалосно е по моја лична проценка, за актуелниот претседател што се спуштил на толку ниско ниво за да некој конкретно позади мене ликува дека штом претседателот стои со допис зад неговото однесување се е во ред. Во кривичното право виновен е не само оној што врши кривично дело туку и оној што поттикнува вршење на кривично дело, ниту пак ослободува некого од одговорноста и изјавата дека извршеното кривично дело не е негов личен однос кон тоа дело, туку тоа е заради тоа што некој му наложил и го поттикнал да го изврши. Посебно и покрај овластувањето на

претседателот на Република Македонија зашто актуелниот претседател на Собранието на Република Македонија го прифати тоа "овластување" кога самиот на 27-та седница во 1991 година го формулира заклучокот усвоен со 81 глас од страна на пратениците во ова Собрание чиј претседател е господинот Стојан Андов со заклучок да се покрене постапка за избор на потпретседател на претседателот. Жалосно е што подносителот на дописот не е присутен на денешната седница за да може поконкретно да го образложи дописот.

Понатаму господинот претседател на Собранието Стојан- Андов, често пати во своите настапи во Собранието изјавува, како што е една изјава дадена седниците ги закажува тој, не се гласа за тоа што некој сака кога сака, каква седница да биде инаку секој би закажувал седница и точно ќе си одбере која седница. Тоа се цитати од стенограмот. Меѓутоа за да не секој сам си избира која седница сам ќе си ја одбере кога нему му одговара тоа право како да си остана во дискреционо право на претседателот на Собранието кога нему му одговара сам да си одбере која седница да ја стави во Собранието за да огромниот број материјали кои ги добиваат пратениците кога доаѓа на дневен ред точка која се разгледува и за која Собранието треба да одлучи и да се изјаснува пратениците воопшто да не можат да се снајдат.

Понатаму во образложението за поднесувањето на интерпелацијата ќе ја поставам и посетата на претседателот на Собранието на Конференцијата на лидерите на Европските партии од причини што функцијата претседател на Собранието е неспоива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија, што е утврдено во членот 67 став 3 од Уставот на Република Македонија. Ненавлегувајќи во тоа какви контакти остварил господинот

Стојан Андов за време на посетата на лидерите на Европската конференција на лидерите на Либералните партии, сепак сметам дека ги пречекорил своите овластувања заради тоа што стриктно и децидно во членот 67 став 3 од Уставот е наведено дека функцијата на претседателот на Собранието е неспоива со вршење на функција во политичка партија.

На крајот сакам да укажам за начинот на одлучувањето уште еднаш по повод интерпелацијата.

Во членот 69 од Уставот на Република Македонија сосема децидно но се вели цитирам: "Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство".

За мене лично по интерпелацијата се одлучува со мнозинство од присутните, а најмалку со една третина од вкупниот број, како што тоа е наведено во членот 69 од Уставот на Република Македонија.

Бидејќи интерпелацијата како институт за покренување на прашања од работа на носители на јавна функција е утврдено во членот 72 став 1, а во истиот член од Уставот на Република Македонија, став 4 се наведува дека начинот и постапката по поднесувањето и расправата по Интерпелацијата и пратеничко прашање се уредува со Деловникот. Во деловникот на Собранието на Република Македонија се констатира дека Интерпелацијата не мора да претставува само институт за поведување и утврдување одговорност на носител на јавна функција. Претресот по Интерпелацијата може да се заврши и без донесување на посебен заклучок, меѓутоа, да заврши и со насоки за спроведување на политиката или за извршување другите прописи од страна на органот каде што е

поставена интерпелацијата на дневен ред. Затоа сметам дека по изјаснувањето интерпелацијата би требало да се почитува членот 69, 72 од Уставот на Република Македонија и одредбите за интерпелација во деловникот каков таков постоечки со кој истата се усвојува со мнозинство од присутните, а најмалку со 1/3 од вкупниот број.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, еден од потписниците на интерпелацијата тоа сум јас. Потписот сум го ставил свесно намерата ми беше да се помогне и на претседателот на Собранието и на сите нас за во иднина седниците да се организираа и да се водат како што треба да се водат. Колку ќе успеам во моето излагање да помогнам во тоа ќе се види, меѓутоа, ќе бидам толку краток и нема да се служам ниту со законски ниту со уставни одредби ниту со деловникот.

Првата моја забелешка е кон претседателот на Собранието за начинот на организирање и водење на седниците.

Веќе три години сме во овој Парламент ниту знаеме за редот ниту знаеме за дисциплината, ниту знаеме за времето. Само оваа последна седница беше закажана на време и тоа најмалку осум дена пред започнувањето на истата. Сите други седници со телеграма им се соопштува на пратениците кога ќе се свикува седница, како да работиме во такви услови што секогаш не се знае што утре ќе се случи. Фактички

вака три години веќе трпиме тензија сите ние. Ниту можеме да бидеме подготвени за квалитетно обавување на нашата работа ниту можеме да организираме работа на комисиите и така почнуваме кога почнуваме и завршуваме кога завршуваме важно нашиот авторитет во средината од каде сме избрани паѓа.

Вториот момент е спречување од страна на претседателот на Собранието во мојата лична намера на седниците на Собранието да дискутирам на свој мајчин јазик иако со деловникот на Собранието такво право ни е дозволено, а и со Уставот, и фактички тоа претседателот го потврди. Меѓутоа, кога јас намеравав тој сакаше да ја прекине седницата.

Мојата намера беше, но пристанав и понатаму да дискутирам вака како дискутирам само поради тоа да не се прекине седницата и т трошоци да не се создаваат. Меѓутоа, обврската и одговорноста на претседателот по моето барање важи и ден денеска и понатаму се додека им; право.

Третиот момент кој сметам дека е многу битен и важен е целта на претседателот на Собранието на Република Македонија кон пломбирање на авторитетот на сите пратеници во Собранието на Република Македонија. Ова го засновувам во следните моменти.

Веќе три години не користиме организиран годишен одмор иако такво право по Уставот имаме. Фактички оваа година кога беше времето на годишните одмори се кажа дека ќе можеме да користиме вакви одмори, претседателот на Собранието како претседател на политичка партија која е во коалиција и со два други партнери, тогаш ни предвиди предвремени избори иако и тој како и сите други партнери не ги сакале. Што беше целта? Целта во тоа време беше да се види дека ние не сме

заинтересирани за предвремени избори и сите други чинители и ние пратениците или не сме редовни или не сме дисциплинирани, а се работеше за време на годишните одмори. Дека претседателот на Собранието не сакал да има предвремени избори многу лесно потврдува фактот само ако се гледаат инсертите на свиканите седници тогаш и колкаво беше учеството на неговата пратеничка група на тие седници и лесно ќе се утврди дека и тој не сакаше и кумуваше на овој проблем и оваа работа.

III/1.-CC/MJ

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Четвртиот момент за мене е не донесување на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија. Претседателот, заедно со претседателството и секретарот на Собранието можеле да дејствуваат Деловникот да дојде на дневен ред на ова Собрание многу порано,а не да чекаат три години. Целта е да се манипулира и со Парламентот и со авторитетот на пратениците.

Веќе за петтиот момент кога веќе претседателот на Собранието успеа со неговите коалициони партнери да им наметне волја на сите пратеници, кога веќе се избра потпретседател на Владата на Република Македонија и министерот за надворешни работи од неговата партија, веќе тој фактички во еден момент стана претседател на Република Македонија кое што се утврди од писмото, односно од гласањето кога рече дека јас нема да гласам поради тоа што го заменувам. Можеби се почувствува во тој момент дека веќе станал претседател на Република Македонија и требаше да соопшти на ова Собрание и на јавноста. Порано имаше многу моменти кога веќе претседателот на Република Македонија беше отсутен, ние сме одржале седници и тогаш никогаш не изјавил волја претседателот на Собранието да стане претседател. Меѓутоа, кога веќе ја засили позицијата во коалицијата тој фактички стана претседател на Република Македонија. Дали во Уставот има право или нема право, јас еве зборувам вака и сметам дека овие моменти повеќе ги искажувам како мое незадоволство кон неговата работа за да знае јавноста на Република Македонија.

И еден момент, како да според овие потписници претседателот на Собранието веќе од поднесувањето на Интерпелацијата малку на друг начин се однесува. Тоа се утврди на последната седница кога веќе јас станав по втор пат да поставам пратеничко прашање, тој ме поучи како треба да не повторувам, односно како да ги дообликувам тие прашања,

иако јас ги знам и моите задолжувања и моите одговорности.

Понатаму, на таа седница кога веќе по трет пат барав да ми се дообјасни, тој на циничен начин ми одговори дека прашање на претседателот на Собранието нема на оваков начин да му се поставува, по однос на моето барање да зборувам на албански јазик пред пратениците на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, Интерпелацијата во сите земји што имаат развиена парламентарна демократија за каква што се залага Република Македонија претставува мерка за политичка одговорност. Кај нас, за жал таа во праксата се покажа како мерка за политичко поткусурување, односно како мерка за чист пазар, најчесто меѓу партнерите во коалицијата, по некогаш за жал и вон партнерите на коалицијата

И, како што на секој пазар се има своја цена, секоја интерпелација ја достигнува својата цена. Така, во смисла на поставување на некои одредени законски проекти, како што беше Законот за претпријатијата односно за трансформација на општествениот капитал, беше условено со поедини личности кои ќе учествуваат во Агенцијата. Така што тоа поставување на дневен ред си ја доби цената.

Потоа, интерпелациите што беа две претходни, за министрите за МВР односно за министерот за урбанизам, градежништво и екологија исто така најдоа своја цена во политичките поткусурувања меѓу партнерите во коалицијата, така што морам да кажам дека и оваа интерпелација не очекувам да биде една расправа, темелна, за

политичката одговорност на секој од нас, вклучувајќи го и претседателот на Собранието за кого што е поднесена, туку да биде еден пазар за кого веројатно однапред е постигната цената.

Меѓутоа, она што во овој момент ме радува е дека потписници има од сите партии, речиси од сите партии, односно и од партнерите во коалицијата и вон неа, што значи дека расправата за Интерпелацијата се покажува како нужност и потреба без обѕир на тоа каков ќе биде нејзиниот крај.

Во интервјуто за "Нова Македонија" објавено во еден од саботните броеви од страна на актуелниот претседател на Собранието, Стојан Андов, каде вели дека подносителите на Интерпелацијата јавно ќе ги искажат своите мотиви. Јас ќе зборувам за своите мотиви.

Морам да кажам дека тие не се лични. Напротив, го ценам претседателот Стојан Андов како многу искусен и многу вешт политичар. Меѓутоа, добро би било овие свои особини ги искористи да го подигне дигнитетот на телото што го избра за претседател на Собранието, односно ова Собрание да го добие вистинското место што согласно на Уставот му припаѓа, а тоа е највисок законодавен дом. А, не за жал, непроследувајќи го државниот интерес, туку најчесто преку државниот промовирајќи го личниот односно теснопартискиот да не прикажува сите нас пратеници, без оглед на способностите, бидејќи меѓу нас има и способни и неспособни, меѓутоа такви какви што не дал господ, такви какви што не избрал народот, сите ние сме неспособни за наводна нечија поголема способност од другата, односно за себеприкажување како жртва и спасител на државата. Дај боже да е тоа така, меѓутоа лошо е за оваа држава ако само еден ги брани државните интереси, а сите други 120 се оние кои треба да бидат водени односно само треба да бидат гласачка машина.

III/4.-

Причини за поднесување на оваа интерпелација има повеќе. Тие беа речени дел во уводното експозе на нашиот претставник кој изложи дел од тие причини што беа наш основен мотив за ставање на Интерпелацијата на дневен ред. Меѓутоа, она што е нотирен факт и што зборува повеќе од се друго е непостоење основни правила на игра во ова Собрание.

Ова Собрание, такво какво што е, прикажувано како циркус, прикажувано како неспособно тело, сепак не донесе ниту еден државно-правен акт што ќе ја тера државата во пропаст, туку напротив успеа да донесе Устав. Тоа е една голема придобивка на ова Собрание. И покрај донесениот Устав ова Собрание испаѓа дека е неспособно, се разбира под знакот на наводници, да донесе основни правила на играта, а тоа е Деловник за својата работа.

Морам да кажам дека ја проследив Интерпелацијата што беше поставена на 31 март 19 92 година од страна на една пратеничка група по повод работата на актуелниот тогашен и сегашен претседател, Стојан Андов и дека мотивите и тогаш и сега беа исти. Тогаш не постоеше исто така деловник,а на прашањето зошто не постои деловник беше одговорено во стилот - Деловникот мора да се почитува.

Точно, Деловникот мора да се почитува, меѓутоа лошо е ако некој од вас бара Деловник а вие велите - па тој мора да се почитува. Тоа е исто во стилот на старите политичари кога вие нема да одговарате на прашањата што ќе ви бидат поставени, туку кога ќе кажете она што сакате да кажете.

Никој во ова Собрание не вели дека Деловник не треба да се почитува. Треба да се донесе нов деловник што ќе зборува за правата на пратениците, а не и за правата на некогашните делегати во делегат-скиот систем. Па, ако ги проследите и правата на тие делегати, а се она што некогаш преку тие наши процедурални забелешки односно преку

се она што се става како забелешка на постојниот Деловник, ќе се види дека тие права биле поголеми отколку на оние што се избрани на непосредни тајни избори.

За таа цел ќе кажам' дека деловникот не го носи претседателот на Собранието. Тоа е факт. Деловникот го носи Собранието. Меѓу- тоа, јас ќе цитирам една, за жал не само една изјава, тоа е во повеќе стенограми, меѓутоа ова е еден од стенограмите во кој што претседателот Стојан Андов вели -"Јас одлучувам што ќе се постави на дневен ред и што ќе се гласа. Се разбира, не може да се гласа кој што сака". Тоа не е изјава на првиот меѓу еднаквите односно на претседател на Собрание избран од овој Парламент.

Точно е дека Собранието ќе одлучи каков ќе биде деловникот, меѓутоа откако ќе биде доставен на дневен ред. Како пратеник, во рам- ките на своите можности, се разбира пред се раководена од желбата ова Собрание да има деловник и најголем дел од нашите дискусии, секоја дискусија односно на секоја седница сепак да има некакви правила на игра, побарав во Комисијата за деловнички прашања уште во октомври 1992 година зошто не се става деловникот на дневен ред. Ми беше од- говорено, а тоа може да се проследи и од Службите и од она што постои како акт во ова Собрание, во собраниската архива дека Деловникот е готов уште во октомври 1992 и дека само дел од комисиите не го разгледале, меѓутоа дека тоа не е причина за поставување на дневен ред. Дека во оној момент кога тој ќе се псотави ќе биде разгледан и како таков ќе биде донесен.

Морам да ви кажам дека ми стана банално да разговарам понатаму на оваа тема, меѓутоа потребата од деловник се гледаше пред се и преку низа гласања што беа во ова Собрание, што беа и неделовнички и неуставно спроведени од проста причина што при непостоење на еден таков акт, а непостоењето му одговара само на

претседателот, бидејќи тој го толкува постојниот, ова Собрание западна од грешка во грешка и изгуби бројни и бројни часови во неефикасна работа и во неодговорно според мене, одлучување.

Така, постојниот член 105 што многу често е цитиран од сите нас и што, за жал, според вообичаеното право, бидејќи ние немаме деловник туку имаме вообичаено право и обичаено толкување на постојниот Деловник, се вели - "Вие имате право на реплика само ако бидете спомнати". Дури и во овој делегатски Деловник таквото нешто го нема. Вели - "Ако делегатот (во тој случај се мисли на нас пратениците) побара збор да поправи некој навод кој е неточно изложен или дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснение, претседателот ќе му даде збор веднаш на секој оној кој што тоа ќе го по-бара".

За жал, на голем број од нас, барем мене ми се случило тоа нешто барем три или четири пати да бидам избркана од оваа говорница. Нека тоа биде акт на личното неподнесување на претседателот спрема мене и нека јас бидам пример за недолично однесување во ова Собрание. Го прифаќам тоа како такво е во ред да ова Собрание работи успешно. Меѓутоа, за жал, ако вие ги проследите стенограмите наназад една година, односно наназад последната Интерпелација на претседателот Стојан Андов ќе видите дека немало ниту еден пратеник од ниту една пратеничка група кој не бил избркан од оваа говорница само ако го спомнал зборот "претседател на Собранието".

Така јас заклучив, пак според обичаеното право дека претседател на Собранието" е збор кој е табу тема во ова Собрание, затоа што ако вие го спомнете ќе бидете моментално избркани и заради тоа што ќе ви се одговори со зборовите - За мене нема што да дискутирате ќе соберете потписи за интерпелација, односно ќе соберете 20 потписи (веројатно Интерпелацијата и Одлуката за разрешување претседателот ја сваќа исто) па ќе можете да зборувате што сакате.

Ние не избравме да зборуваме "што сакате", реков појдени сме од желбата навистина да се зголеми ефикасноста на ова Собрание, меѓутоа да ја искористиме и нашата уставна можност да искажеме не-задоволство од работата на актуелниот претседател.

Исто така, по едно мое барање поставено во форма на пратеничко прашање со кое што повторно бев исмеана дека не го познавам Деловникот, а јас морам да ви кажам во рамките на моите можности го читав и за мене известување и пратеничко прашање е исто, барав претседателот да ми одговори зошто не се распишани избори во изборната единица во која што е избран пратеникот Зоран Крстевски, инаку пратеник на Либералната партија. Согласно член 76 и 77 вели: "Делегат кој презел функција односно служба која што според Уставот и Законот е неспоива со вршењето на функцијата е должен да го извести претседателот на Собранието, а претседателот, согласно член 77 е должен да го внесе на предлогот на дневниот ред на првата наредна седница". Според тоа, она што го прашав, барем според мене, воопшто не беше смешно, бидејќи од актот кога согласно членот 4 од Уставот како нај- висок државно - правен акт за неспоивост на судската, законодавната и извршната функција во ова Собрание, според мене требаше да биде една формалност која што претседателот не ја испочитува и ме повика во кабинетот да ми објасни лично. Не знам зошто лично ако веќе има уставно правни документи, односно и постоечки Деловник кој зборува во прилог на тоа.

Други причини освен Деловникот што за мене е основна работа за која што секој еден претседател би требал самиот да се грижи да се донесе за да може да направи ред со оние со кои што раководи е споменатата уставна определба, односно член 82 од Уставот во врска с самопромовирањето на претседателот на Собранието во претседател на Републиката.

III/8.-

За мене лично, ова прашање беше образложено и од претходниот подносител господинот Тодор Петров, нема потреба да го образлагам и јас затоа што Уставниот закон односно членот 10 од Уставниот закон кој претставува составен дел на Уставот е сосема јасен и веројатно ова нешто ќе бара и толкување од повисока правна инстанца што ја има во нашава Република, па ќе видиме дали спреченоста и дали во моментот, секој оној момент кога претседателот на Републиката ќе би- де отсутен ќе имаме два актуелни претседатели.

Исто така, друга работа од Уставот која што морам да кажам дека мене и како граѓанин ме иритира, а како пратеник на ова Собрание кој гласаше и беше исто така подносител на потписите за избор на претседател е членот 67 од Уставот кој што зборува за неспоивост на партиската и на државната функција. Во овој член од Уставот се вели дека претседателот на Собранието нема никаква функција ниту во партијата или друга јавна професија и служба.

Следејќи го интервјуто на претседателот во, веќе за нас странскиот весник "Борба", јас не знам во кое својство тоа интервју е дадено, односно и покрај тоа што од новинарот точно е нотирано одозгора "Интервју со претседателот на Собранието на Република Македонија господин Стојан Андов", одоздола испаѓа дека се работи за интервју на претседател на политичка партија. Тоа не би било страшно доколку го направи било кој актуелен претседател на политичка партија кој што е овде, во Парламентот, меѓутоа, бидејќи се работи за претседател на Собранието и те како е значајно за сите нас пратеници овде, бидејќи се разбира, ставовите на една пратеничка група односно на една партија не можат да бидат релевантен показател за демократијата во Македонија за која што претседателот зборува дека ја нема и дека единствено Либералната партија се залага за демократија и дека се случуваат не знам какви криминални дејанија.

Јас не го оспорувам неговото право на мислење како пратеник, како човек, како; претседател на актуелната партија, меѓутоа како претседател на Собранието ако го направеше тоа било кој друг пратеник од ова Собрание веројатно ќе се земеше на некаква одговорност за тоа како тоа во еден странски весник, а за мене и "Вашингтон пост" и "Њујорк тајмс" и "Борба" во овој случај посебно е многу значајно што и<<како ќе дава човекот кој стои во првите редови на тоа Собрание, од- носно кој е избран да зборува во името на сите пратеници. Тука има и претставници на опозиција кои можеби мислат дека нешто не е во ред со демократијата. Меѓутоа, актуелниот претседател е од позицијата која што сигурно се труди со сите сили таа демократија да добие во сила и според тоа не и оди во полза некој претставник од кај неа да зборува дека нема демократија.

Впрочем, верувам дека тоа ќе си го разреши и самата позиција и односите внатре во неа, меѓутоа не е упатно такви искази да произлегуваат од првиот човек во државата кој го води Собранието.

И покрај тоа што верувам дека за повреди на Деловник може да се зборува многу, јас ќе ја скратам оваа моја дискусија во интерес на времето. Меѓутоа, ќе кажам дека само без оглед на исходот од гласањето, целта на нас, потписници на оваа Интерпелација, беше пред се на местото претседател на Собрание на Република Македонија да биде човек, а верувам дека во 120-те пратеници, нека биде тоа и претставник нормално на коалицијата, бидејќи таа одлучува во овој момент и ги има потребните гласови за се, сепак има човек кој ќе ја врати довербата на овој Парламент, кој ќе го врати неговото уставно - правно место на највисок државен орган во смисла на законодавната функција, кој ќе настојува со сите сили да ги спречи блокадите и опструкциите во ова Собрание, кој ќе ги доближи пратеничките групи повеќе за да можат да донесат конструктивни решенија во интерес на државата, а не да ги

III/10.-

раскарува што повеќе се со цел сопствената пратеничка група да добие подобри позиции, кој ќе успее пред се да донесе деловник и кој ќе успее сите оние закони што во Собранието стојат веќе со месеци по ред, ако не друго, да ги стави на дневен ред за да нема меѓусебни обвинувања и манипулации кој не сака да гласа за нив и на крајот да имаме чисти сметки и претставниците на позицијата и на опозицијата, кој ќе работи на спроведување на заклучоците на Собранието и кој ќе направи се ова тело, такво какво што е, избрано од народот да го добие своето вистинско место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во ниту еден момент не верував, ниту сега верувам дека Интерпелацијата може да се усвои, а сепак бев поднесувач на истата.

Од писмото на претседателот Глигоров не произлегува одбрана за претседателот на Собранието на Република Македонија, туку зелено светло за жесток политички притисок врз претседателот на Собранието и сите други можности што може согласно на новонастанатата ситуација во Парламентот и односот на сили да се случуваат.

Тоа укажува дека проблемот во Собранието и во македонската политика е од неможноста да се разграничат односите помеѓу партиите, од една страна и односите помеѓу поединците кои учествуваат во македонската политика.

Еден човек може да греши, како што во случајов претседателот на Собранието барем во техничкиот дел на обврските сигурно греши, но еден човек не може да греши три години ако при тоа не соработуваме

и ние во тие грешки во Парламентот. При тоа, секако го имам предвид Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, ПДП-НДП и во поедини случаи и опозицијата која што наивно влетување во припремени варијанти, имајќи ги предвид своите стратешки интереси, особено за наредните избори.

Македонските политички партии бараат нови простори на конфронтација со што широко го контаминираат не само политичкиот простор во Македонија, туку и сите сегменти на државата, плашејќи се, се разбира зборувам за македонските партии што партиципираат во власта, дека со расчистување на одделни прашања што се во близина на афери, корупција, разни скандали и друго би дале можност ан македонската јавност, на македонскиот народ да ја согледаат вредноста и квалитетот на политичките соседи во Македонија, особено во контекст со сите последици на новите избори.

IV/1.-/JJ/OM

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение)

Во услови на објективно слаба македонска политичка опозиција ја сметам дека господинот Стојан Андов е најголемиот адут на македонската политичка опозиција и не би требало, брзоплето да го елиминираме во оваа ситуација на овие односи. И затоа при гласањето би напомна; дека би требало страната од опозицијата да барем неколку секунди закасни во гласањето, да погледа што ќе се случува на левата страна.

Да ги оставиме искусните луѓе од поранешната политика меѓусебно да се расчистат. Да се создаде простор македонската политичка опозиција да влезе во еден поблагопријатен амбиент на своето политичко дејствување, А сметам дека доколку се даде предност на еден од македонските коалициони партнери, тој би сретнал голема предност што со големи негативни последици би се одразиле на нашите шанси на опозицијата на наредните избори. Затоа ние не смееме да дозволиме ни на еден од коалиционите партнери да излезат од одговорноста, а уште помалку да дозволиме тие да посакаат, сега во блиска иднина, или непосредно пред изборите да ја раскинат коалицијата и да избегнат од одговорноста, со што ќе се создадат односи на наедефинирана одговорност. Затоа сметам дека само треба оваа можност за интерпелација да се искористи да се укаже на она што се случува како слабост на првото искуство на сите нас во овој мандат, но заради политичката предострожност што треба да ја имаме предвид особено на опозиционата страна, не смееме да избрзуваме со одлуките во последната година од својот мандат и да оставиме некои работи по логиката на политиката да се случуваат во еден мандат од својата природа.

Инаку што се однесува до техничките обврски на кои што исто така имам забелешки, јас само да потсетам, основната функција на претседателот на Собранието на РМ е да ги подготвува, свикува и да ги води седниците на Собранието. Собранието на Република Македонија,

според новиот Устав е највисоко тело на законодавната власт, но за жал ова Собрание работи според Деловник подготвен врз основа на поранешниот собраниски систем. Општа е констатацијата дека проблемите во работата на Собранието произлегуваат од таквиот расчекор штос е одржува веќе три години, во што значаен дел, секако, има господинот претседател на Собранието на Република Македонија.

Да резимира, претседателот на Собранието на РМ својата моќ ја стекнува од можноста да го толкува несоодветниот Деловник за работа на ова Собрание, при што пратениците ги доведува во непријатна ситуација, пред се, често ги оневозможува да земат збор во одделни расправи, ги навредува, непотребно ги одлага и ги прекинува седници-те, со што пред јавноста го урива авторитетот на Собранието, омаловажувајки ги пратениците поединечно односно Собранието во целина.

Се приклучив на подносителите на интерпелацијата за работата на претседателот на РМ, со цел да го заштитам сопствениот интегритет како пратеник и Собранието во целина. Но, со оглед на стратешките интереси на ВМРО Демократска партија нема да гласам за усвојување на интерпелацијата, ќе бидат воздржан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара ли уште некој збор?

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, јас тргнувам од една претпоставка, од една голема вистина, што ја кажав кога излегов прв пат пред оваа катедра. (Меѓу пратениците има смеење на што пратеникот вели: "не се смеј Цветан,ти си овде 12 години, а сега си во ВМРО")

А што сум рекол јас ќе ги свртиме листовите на моите стен грами и ќе видите што рекол Митко Анастасовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама за мене е интерпелацијата, а не е за Вас.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Добро, за тебе е но тука ме спомна и мене како што кажа претходниот пратеник.

Логично е да дојдеме до оваа ситуација. Ова затоа што во овој Парламент се одигруваа, едни навистина циркуски игри. Зашто ќе речете? Овој Парламент е полн со опструкции од сите страни. Ако не праша човек - што сте направиле господа пратеници, од сите фракции во овој Парламент, ќе видите дека фактички го усвоивме Уставот. Правиме држава. Правиме држава, но без елементарните закони. Дали е крив претседателот, Собранието или е крив Митко Анастасовски, тоа е сеедно. Криви се сите. Еден пат реков вака - се играат кукли во овој парламент. Куклите продолжуваат. Претходните пратеници кои излегуваа овде, беа јаки противници лично на мене, на Митко Анастасовски. Имам еден стенограм од еден претходен пратеник кој што ме нападна кога јас зборував од ова место. Истиот пратеник сега, во тоа време го бранеше претседателот на Собранието, а сега е потписник на интерпелацијата.

Во последните неколку месеци интерпелација врз интерпелација. Таман ќе дојде да се решава некој закон што е основен за животот на државата, пак ќе се појави интерпелација со една игра, при што интерпелацијата ќе падне во вода, а законите нема да се донесат.

Се прашувам, мојата партија ВМРО - татковинска партија бара од мене да побарам од вас утре избори. Повеќе да прекратиме со тие игри,

господа! Пратеничката Ѓулистана на едно место вели вака - стварно Парламентот работи, работи некако го рече така деструктивно, но под некаква игра. Не велам за сите пратеници, да ми простите, но има пратеници тука така деструктивно работат и опструкции си идат во Парламентот што и ние самите пратеници сме после во дилема, дали треба да ги прифатиме опструкциите или да гласаме за нешто што е фактички така. Јас се прашувам од ова место се води пропаганда, утре истите луѓе да бидат пратеници. И се прашувам, а бре кој е тој човек, што ќе ги гласа бре?!. Ха, значи толку го правиме прост нашиот народ и утре ќе го наместиме истиот човек да дојде во Парламентот. Аман, бре, луѓе немојте така (смеење). Немојте да се правиме, дајте да бидеме сериозни, наивни.

Што се однесува до грешките на претседателот. Нормално секој човек има грешки. Јас уочив и порано на некои работи, и од почетокот реков згрешил, правел, чинел и требаше, а јас ако бев можеби ќе си дадев оставка и ќе речев не можам да бидат претседател. Меѓутоа, пак ќе наведам дека грешките не може да се исправат само ако речеме дека ќе го направиме правилникот односно деловникот. Не! Не, бидејќи не го правиме, а милион пати сме рекле дека ќе го направиме. Утре ќе го направиме, друг ден ќе го направиме, читаме уставни закони, не знам што, точки потточки и ништо. Молам, и ова не држи.

Државно правните акти, јас не сум правник ниту пак сум економист, туку сум пратеник. Три години, тука, внатре живеам со вас. Државно правните акти се носат со мнозинство гласови, се усвојуваат и влегуваат во сила. Ќе ве прашам уште еден пат кои државно - правни акти сме ги донеле ние од најголема важност за државата. Го донесовме Уставот од кој треба да произлезат други закони, а ги газиме, па утре ќе си одиме и товарот ќе го оставиме на некои други. Или пак мислите пак ние да дојдеме, ако е улав народот да не избере.

IV/5.-

Не знам какви луѓе сме. Јас зборувам за сите пратеници. Меѓутоа, тука внатре во Парламентот има и паметни луѓе, има и добри луѓе, има и луѓе кои мислат за државата и не шират опструкции. Ако треба сега да гласаме за да си оди претседателот на Собранието, треба пак да бидеме единствени. Треба да бидеме единствени, да го товариме со тоа што е крив и да кренеме рака заеднички. И сега како би изгледало тоа Митко, Трајко, Петко, Станко, да гласаат против претседателот, а останатите да прекутат. И тука се гледа единството на пратениците. Значи ние не мислиме,не мислиме. Тоа ќе речете е едноумие. Не е тоа едноумие. Собранието денес не е тоа Собрание што беше во едноумието. Овие игри, овие игри без граници треба да престанат. Треба да се свестиме дека сме овде за да ги носиме законите, а не интерпелации. Според мене не е тоа интерпелација. Пак ќе повторам и да памтите можеби ова е интерпелација, не знам која, таман треба да се усвои, веднаш опструкција, се повлекува интерпелацијата и губиме цел месец. Губиме уште еден месец, губиме уште два месеца. што е целта, сега на играта, господа? Сакате да ви кажам? Тоа е интрига и игра, тоа се кариеристи кои ја уништуваат државата. Не може никој ако сака некој тука нека седне ќе му кажам кој е. (Последната реченица се однесува на некои реакции од салата). Анастасов ќе му каже што мисли. Не може да не трпи народот. Јас се исцрпив. Јас се исцрпив, затоа што кажав многу работи и по пат на метафори и по пат на директни разговори, затоа што светот не слуша, не гледа, а ние си играме играчки. Со кој си играме, бре?! Со сиромасите1 Со безработиците! Со кој си играме? Со народ, кој сме една шепа?!

Во другиот свет, во другите демократии луѓето не гледаат така. Секој пратеник е самостоен во рамките на својата партија и мисли поинаку кога се однесува за државата, А ние, мајката, ако лавне еден

човек, едно куче и сите кучиња по него и така арамијата го пуштаме да ни украде. Чекајте, треба малку да се размислува. Ќе повторам уште еднаш, нека ми прости претседателот на Собранието, секогаш сум бил отворен и искрен и нема од кого да кријам и зашто да кријам, затоа што ова го имам што го имам (покажува на своето палто) немам ништо повеќе, тој сум , немам извор, имам сега еден без работа и уште еден без работа син. Така господа мои. И нека се придружи и тој кон армијата од 280 илјади невработени. А,некој тука, во Парламентот живее денеска господарски, а шири таму некои идеи, демократски не знам какви, тоа ќе го кажам во предизборната кампања.

Јас уште еднаш ќе повторам зашто се растревожувам, не ми е драго ми се тресат рацете, и душата , и срцето, имам добиено аритмија да знаете, некој се моли да умрам, ама нема да умрам, барем така како што мислат тие Митко нема да умре така. не, господа, нема да умре. Дури не ја видам Македонија како што треба, нема да умрам.

Мојата партија е за избори, односно партијата на која и припаѓам не сум во ДПМНЕ и никогаш не сум бил ДПМНЕ, тоа отворено ви го кажувам, затоа што јас сум ВМРО и на ВМРО му припаѓам, само таа ВМРО и татковинската партија. Со тие луѓе сум раскинал затоа што, кој сака нека стане одма ќе рипнам ќе му кажам зашто . Затоа што опструкции не паѓаа само од оваа страна, паѓаа и од онаа страна и тука е можеби најголемото зло за македонскиот народ, зашто не најдовме заеднички јазик (пратеникот Стоиле Стојков од место нешто коментира на што говорникот вели:) Стоилко, ти местото ти е на друго место, не ти е во таа партија кај што припаѓаш. Да, господине Стоилко, и може да ве карактеризирам сите во какви игри сте влезени

IV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може аз партиите да не зборуваме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ве молам игрите да престанат, да се мине на дневниот ред, по законите, зашто тоа го чека народот од нас, а не чека игри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Харуни.

IV/8.-

**м-р СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници.

За точката што ни е на дневен ред, интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија м-р Стојан Андов, во воведот на моето излагање ќе направам една мала дигресија.

Во игра се страстите и не толку страстите колку што се историите на празните мозоци. Сите сме подеднакво незадоволни ,меѓу кои и од тие што сакаат да урнат се и сешто, само никој не кажува што ќе биде и потоа.

Состојбите се лоши само поради тоа што ништо не се изменило и треба нешто да се преземе во тој однос по едни, додека по други ако некој се раѓа како православен тој треба да биде Македонец, Србин, Грк или нешто друго, ако се раѓа како муслиман

Според мене, тој е Албанец, Турчин и друго. Според мене така не треба да се сфатат работите, бидејќи на Балканот секогаш имало ХАЗАРДСКА ПОЛИТИКА, а тој ХАЗАРД за жал секогаш им нанел штета на своите народи.

Да не ни се случува најлошото и утре младото поколение да ни се исмејува за нашите постапки, бидејќи тука не сме како ЈАТО на патки и да не знаеме што правиме.

Сите сме на едно место и сите ја мразиме оваа состојба, сите ја мразиме оваа реалност што е многу далеку да е идеална, но и натаму продолжува една омраза, една акција без цел, состојба на пасивното однесување во политичкиот живот.

сл

IV/9.-

Сите нас не носи една голема река. Што сме ние во неа? Капка! Што можеме да преземеме за да го измениме течението на реката? Ништо!

Балканските војни беа влез и само почеток на една голема војна и да не се најдеме ние тука од оние кои не знаеме да предвидиме подалеку него ДОМЕТОТ НА ЕДЕН ТОП. На Европа и е до мирот, но не смееме да заборавиме ние во Македонија дека таа намерава и поевтино да ни го откупува зеленчукот.

Сето тоа не е ништо друго, него прошетка по површините. Никој од нас овде нема ни снага ни мудрост, ниту храброст за хируршки интервенции, за ова што , ние ја сметаме како наша реалност да се подвлече една длабока црта и да се види добро; кои сме, што сме, кај се наоѓаме и кон што се ова не води и баш никој ништо на тоа не мисли, а тоа треба да не загрижува подеднакво сите нас.

Никој не мисли и не му паѓа на памет дека токму уште утре ќе делува ножот! Така како што ги Вадеа во минатото 1941 година па и во 1991 година, меѓу Хрватите и Србите, па потоа меѓу Србите, Хрватите и Муслиманите.

Таа е нашата реалност. И не е шега!

Перманентно ни се спремаат стапиците. Ние не сме нигде, а стапиците ни се присутни и стални. Постојано, во последно време за-живува духот на грабежот, на ајдутството, а за жал ова е законот на ножот и на војната. Во колку паметот го имаме во глава, во што не се сомневам, тоа не значи дека таков тек можат да имаат состојбите и во Македонија. Лошото што подалеку од нас.

сл

V/1/JM/лј

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Не сакам да предвидувам, но состојбата наша и таа меѓу- народно е многу компликувана. Стално тие големи сили не пратат, не следат и никој не знае кога тие нашите состојби ќе ги стават во движење.

Да бидеме паметни, толератни и не со цементирани глави да ги прејудицираме работите и нека ни господ помогне. Со тоа сакам Скопје да ја превземе таа улога што ја има Хаг, Лисабон, бидејќи имаме услови и тоа во Македонија се може.

Интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија по мене е обид да се дискредитира, омаловажи и симне од позиција м-р Стојан Андов и не е само тоа, туку е чин на НИХИЛИЗАМ.

Со тоа , не само што се минимизира и оспорува придонесот на првиот човек на Собранието на Република Македонија, туку сакајќи или не една таква иницијатива води кон целосна дестабилизација на Република Македонија. Можеби во крајна линија тоа им е и намерата на подносителите на интерпелацијата.

Од Претседателот на Собранието на Република Македонија м-р Стојан Андов, не треба да се прави култ на личност, но исто така историската мисија која му е доверена не допушта манифестации на политички нихилизам и анархичност. Интерпелацијата сепак како иницијатива е резултат на отсуството на интелигенцијата.

И на крај единството и меѓунационалното почитување е наша гаранција за признавање и постоење. Тоа е историска потреба за сите граѓани во Република Македонија. Тоа е наша вистина, вистината на национална, верска и јазична рамноправност. Што еден ден не се сомневам, тоа ќе се потврди не само во Република Македонија, не само во Европа туку и пошироко во светот.

V/2.-

Додека некои излагања во врска со точката што е на дневен ред укажуваат како да немаме објективен пристап во нудењето на решенијата. Исто така, евидентна е појавата на таканаречени слаби парламентарци, а уште послабо Претседателство на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, најмалку може тоа да се однесува на Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија, бидејќи тој пред нас е само искусен ПАРТИЦИПИЕНТ во нашата собраниска активност.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, очекував да чујам лично образложение и на останатите потписници на Интерпелацијата, па така ќе имав комплетен впечаток за потписниците. Го очекував господинот Џаферовски, и господинот Ковачевски, меѓутоа жал ми е што немам сега комплетна слика за потписниците на оваа Интерпелација. Не излегов да го бранам претседателот на Собранието од проста причина зошто работата на претседателот на Собранието е јавна, фала богу што е таква и граѓаните на Република Македонија точно знаат што и како работи претседателот на Собранието. Него не му треба одбрана. Народот во Македонија ќе го брани претседателот. Сепак, поттикнат бев од некои искажувања во своите образложенија што ги даваат потписниците на Интерпелацијата, па не можам да не забележам на пример дека експозето што го поднесе господинот Петров е типична експозе на комунистички егзекутер кој што се служи често со цитати , меѓутоа, тие цитати се недоречени и нецелосни. Така што реагирав од своето место кога го цитираше членот 82 став 3, а не го доврши истото. Тоа господине Петров, е нечесна работа.

Не можам да се согласам со констатациите што ги изнесе господинот Муртезани и најде вина во работата на претседателот на Собрание го во неподготвување и неспремност и не убаво водење на

седниците. Па не е претседателот на Собранието тој што ги собира за уши пратениците во 10 часот на седница, туку ние сме тие што

седиме, или се мотаме околу Собранието, наместо во 10 часот влегува! во 12 часот во Собранието за да почнеме со работа . Никаква вина не1 претседателот во тоа.

Жал ми е што не е тука госпоѓата Марковска, дека во земјите со нормално развиена парламентарна демократија не се работи на ваков начин како што често и ние работиме. Меѓутоа, колку што знам мене ми е познато во тие исти земји оние пратеници што го напуштаат парламентарното мнозинство за кое што се избрани во парламентот, им престанува парламентарниот статус. За жал кај нас тоа не е така, па си дозволи госпоѓата Марковска која седеше на една столица, па се преврти на друга столица да зборува за парламентарна демократија.

Господинот Голубовски ќе го спомнам во една позитивна смисла, иако искажа доста работи кои што се за размислување. Сепак, ме радува неговата еволуција во ситуацијава и неговата изјава дека иако е потписник нема да гласа за Интерпелацијата.

Сега уште нешто. Навистина не ми се јасни конструкциите кои што во моментов се прават околу она што го дава како соопштение претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров иако е точно кажано, со јасни зборови и на што е повикано и на кој член се однесува и пак се прават некои конструкции монструозни и за жал често својствени за овој парламент. Нема многу да ве задржувам и немав намера многу да зборувам. Мислам дека ова е само уште едно покажување наше за жал лошо пред македонската јавност и уште еднаш покажавме колку сме зрели како парламентарци.

V/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Џаферовски, сакате реплика, или се јавувате за расправа?

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас не знам дали треба да биде реплика, или треба по некое непишано правило оние кои потпишуваат за интерпелација треба и да кажам нешто и покрај тоа што во образложението на Интерпелацијата е кажано тоа што треба да се каже. Според тоа, не знам дали воопшто има потреба да се инсистира сите кои што се потпишале да кажат нешто. Но, бидејќи се бара односно, нека биде тоа добра волја на тие што се потпишале. Јас би кажал исто така неколку реченици околу тоа, не да с исповедам зошто се потпишав. Се потпишав, се разбира и во образложението е напишано зошто сум потпишан во интерпелацијата, зошто е барањето за да се расправа за одговорноста за работата на претседателот на Собранието. Реков би сакал да кажам неколку реченици. Имено и покрај тоа што објективно е тешко да се раководи со овој парламент заради ваквиот распоред на силите во парламентот, сметам дека претседателот Андов е одговорен, односно најодговорен за неефикасноста на овој парламент и за честите опструкции кои се вршат во ова Собрание Сметам дека со неговиот однос да им погоди на повеќе групи и поединци во овој парламент го става во прашање клучното во овој парламент, ефикасноста во работата на овој парламент. Често пати како што сме сведоци сами овде ние, седниците доцнат по четири, пет часа без да тоа било кој од нас кои често сме присутни овде, односно најмногу сме присутни овде знае зошто се доцни. Според мое длабоко убедување претседателот на Собранието е должен ако е закажана седницата во 10 часот, точно во 10 часот да го заземе своето место и да побара камерите да се вклучат и ако е потребно да се прозиваат пратениците, заради тоа што ниту еден пратеник со сила не е делегиран овде, туку самоволно се кандидирал, па е избран од граѓаните и затоа е

во ова Собрание. Едно е професионално дали е некој платен во Собранието, друго е колку професионално ја обавува функцијата пратеник во овој парламент. Сметам дека ва сите оние кои често отсуствуваат, кои сакаат да прават опструкции претседателот Андов многу им угодува. Мислам дека за тоа е одговорен. Веројатно тој ќе каже и самиот што е тоа што се случува во овој парламент. Исто така, често пати си зема за право да го одредува статусот на пратеникот. Тој статус е со уставот одреден и мислам дека нема причина воопшто никој да го преиначува, да го одредува да биде ваков, или онаков. Натаму, со еден голем број на забелешки од моите претходници колеги кои се пошписниц кои на еден коректен начин укажаа на грешките во водењето на седниците на Собранието од страна на претседателот на Собранието апсолут се согласувам. Со оглед на тоа дека со Уставот е утврдено дека претседателот на Собранието не може да врши друга јавна функција ниту во политичка организација, ниту во државен орган, претседателот на собранието не може да си земе за право во својство на претседател на политичка партија да оди во странство и да учествува на разно- разни форуми на политички партии. Тука претседателот Андов ова како грешка мора да го прифати. Понатаму, околу тој проблем дали беше во право кога кажа дека не може да учествува во гласањето заради тоа што го заменува претседателот на Републиката. Ве молам, таа работа е апсолутно чиста и сметам дека тоа е грешка. Не сакам да кажам дека претседателот Андов направи своевиден пуч,или слично, но дека апсолутно немаше право при постоење на легитимен претседател кој во својство на претседател на државата беше на чинот на приемот на Република Македонија во Обединетите нации да се прогласува како да го заменува. Таа работа мислам дека не врви и сметам дека тоа дали е намерно, или ненамерно, мое мислење е дека можно е да е ненамерна грешка заради тоа Што од таа работа не може да се извлече никаков ќар освен,штета. Ова се од прилика моите забелешки на работата на

V/6.-

претседателот Андов и не стои апсолутно тоа што некој од претходните дискутанти го кажа овде, дека сето ова се прави со цел да се дестабилизира државата и слично. За ниту еден од нас не може поединечно да се дестабилизира државата и таа работа да не се спомнува овде. Мислам дека, да се врзуваме ние за една личност, па макар тоа било и претседателот на Собранието дека ќе се дестабилизриа државата, мислам дека не е во ред, ниту целта на потписниците, барем моја, зборувам лично за мене,не ми беше целта ниту да го извалкам ликот на претседателот на Собранието туку да укажам заради незадоволството комплетно на сите нас пратениците овде за кое нешто пак и самите имаме вина за неефикасноста на работата на собранието, да укажам дека е најодговорен за тоа што ова Собрание не работи онака како што треба да работи, заради тоа што ние доцниме со донесувањето на многу системски закони кои го регулираат политичкиот, правниот и економскиот живот во оваа Република. Претседателот Андов мора врз себе да преземе најголема одговорност и е одговорен за тоа што Собранието не работи, си играме играчки, вторник, среда,ај среда, четврток,ај сега,ај после. Таа работа не врви, или сме сериозен парламент кој со сета сериозност пред граѓаните кои не избрале и не не избрале во оваа држава ќе работиме заради тоа што сме се зафатиле, или е многу почесно да кажеме дека нас не ен бидува за оваа работа. Овде повеќе се занимаваме со работи кои не се во доменот на работата на парламентот, парламентот го претвораме од време навреме во улица што е срамота за сите нас поединечно и вкупно, заедно овде. Мислам дека за тоа дебело треба да се запрашаме и самите а и претседателот Андов како натаму ќе го води овој парламент, без за тоа да им угодува на поединци, групи и слично. Се во рамките на она што е уставно овластување и Деловник.

V/7.-

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, му се заблагодарувам на колегата Поповски што ме повика на говорницава, па би му го кажал следното. Тој бара права слика на потписниците на интерпелацијата. Јас учествувам, учествував и во првата Интерпелација и доста опширно кажав за господинот претседател Стојан Андов. И пак да повторувам не би требало. Нека ги земе стенографските белешки па доста опширно има, нека прочита, па ќе чуе. Јас очекував после кога се дава втора интерпелација секој човек поаѓајќи од мене, тој самиот треба да се повлече. Но, во овој случај претседателот не се повлекува и така мене некако ми е испод чест пак да зборувам.

VI/1 ДВ/СЛ

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас нема да се впуштам во тоа дали некој е демократичен или не, дали има право да зборува за демократијата. Секој има право да зборува за демократијата. Соодветно и јас како дел од овој Парламент.

Што се однесува за тоа , за моралното чувство, дали може некој да зборува кој што ја напуштил пратеничката група на Сојуз некогашната реформски сили, односно, сега Либералната партија. Повеќе мислам морално чувство треба да прикаже цела една пратеничка група која го изгуби својот кредибилитет пред изборната база менувајќи го своето име најпрвин во реформисти, потоа во либерали на кои стојат ама баш никогаш во својот живот не можам да им припаѓам, не само по статусот од својство , бидејќи не сум бизнисмен, не непот, не штитам интерес на крупен капитал, туку од проста причина што и по своето убедување и по своето потекло можам да ја штитам само социјал-демократијата во Македонија, а впрочем не ја променив партијата и сеуште сум независен пратеник.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Дали е некој комунистички егзекутор, доволно зборува излагањето на господинот Поповски, кој по повод Интерпелацијата на претседателот на Собранието ги егзекутира останатите пратеници и како народот што ќе се искаже за претседателот на Собранието, исто така ќе се искаже и за пратеникот Петров. Но, доволно е да се прочитаат вашите излагања од стенограмите на 65-та седница за светскиот македонски конгрес, за да се согледа вашата комунистичка егзекуција, г-дине Поповски, мирољубив словен од падините на Водно, а самиот се демантиравте со потврдата дали може да се сомнева во непогрешливоста на претседателот на Републиката.

Претседателот на Републиката значи може да биде непогрешлив човек. Меѓутоа, со неговиот допис доволно покажа на кои гранки спадна, според овластувањата што ги има во Уставот на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Љубомир Поповски, сака нешто да појасни.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи прв пат не се случува, јас би ги замолил сите колеги во иднина во Собранието на Република Македонија, бидејќи во пратеничкиот состав кои го носат презимето Поповски, во иднина да се кажува и името и презимето на кој се однесува.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Излегов да реплицирам на едно констатирање за наводна еволуција на моите ставови. Веднаш да кажам дека тоа евидентно не е точно.. Јас во своето излагање ги искажав своите ставови како од политички аспект така и деловнички. Се работи за градење на одлуката и можеби недоразбирањето произлегува затоа што не се сфати дека таа одлука околу изјаснувањето ја градам врз стратешка основа наместо врз дневно - политичка.

Уште еднаш да констатирам, за да не би реплицирал повторно, дека пред се кога стратешки поаѓам од таква оценка поаѓам од фактот дека претседателот на Собранието на РМ , без оглед на своите причини сепак ја компензира на некој начин немоќта на македонската политичка опозиција. Дури во еден период беше надвор до сомнение дека ја предводеше во еден добар дел таа опозиција, за време на изборните закони. Се на се, заради тоа таа моја претпазливост и заради тоа што една противречност околу вакви ставови и сепак дефинитивно изјаснување.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас само накратко ќе реплицирам на тоа што еден од претходните дискутанти ме цитираше.

Сите ние на еден одреден начин се надеваме дека така би требало да биде. Меѓутоа, надежта умира последна. А како да се спречи таа нејзина смрт? Од нас што би требало тука да се бара освен толеранција, максимално вклучување на разумот и тоа на ладни глави и паметни луѓе, кои ќе гледаат дали во дното на македонскиот тунел има средина.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници,

Од минатата седница и од оваа седница како што знаете на минатата седница беа поставени пратенички прашања, па од начинот на поставувањето на прашањата и содржината на прашањата, и од една и од друга страна, без разлика, а и денес разгледувањето на Интерпелацијата за работата и за изречените работи на г-динот претседател Андов, може да се заклучи дали знаеме што сакаме и дали знаеме каде треба да одиме.

Јас како пратеник во овој Парламент, како човек на кого му кажуваат одредени колеги пратеници, никогаш не сум рекол против Владата. Го поддржувам г-динот Киро Глигоров. Дури на телевизија на онаа емисија "Со повод но без наслов" и таму ми рекоа Вие сте одличен поддржувач на г-динот Глигоров. Зошто? Јас кажав што кажав. Јас пред Вас овде и пред македонската јавност кажувам дека јас слушам што зборува обичниот народ. Обичниот народ праќа писма и до Вас, се разбира, ама и до мене.

На една од точките, ќе ви прочитам едно писмо, што се однесува за оваа работа и за една друга работа, . Овде денес гледаме проширување на Интерпелацијата. Не само она што го кажал г-динот Андов, туку многу повеќе. Што сакаме да постигнеме. Јас се обраќам овде и на коалицијата чиј член сум јас и мислам дека е непринципиелно последните 4-5 седници, почнувајќи некаде од април - мај наваму некое кошкање, имало кошкање и внатре во коалицијата, префрлување на топката, односно вината од едни на други, постигнување на некојси ефекти не знам какви, за да не сакаат повеќе луѓето. Па ние тоа што го правиме овде меѓу нас господа од оваа страна, (покажува на десната страна)и еден дел од другата страна, се знае кој треба да го користи. Атина на цел глас кажува итн. Дали тоа е во прилог на Република Македонија? Не е во прилог на РМ, ние така мислиме.

Ако некој овде вели дека многу ја поддржуваме актуелната власт, јас само можам да кажам некои зборови што сум ги кажувал и порано, дека она место каде што стои Љубосав Ивановски е многу слатко тоа место, да не речам и моето. Исто така, местото на г-динот Андов е послатко, а пак првата столица е најслатка. Еве ќе ја повторам оваа реченица. Тоа е тоа што не тера овде , дали предвремени избори, дали не чини г-динот Андов, дали не чини не знам кој, па сите не чиниме. Никој овде од Владата не чини. Другава кога ќе дојде, веднаш пензионерите ќе добијат пензии. Веднаш сите вработени ќе се вработат, веднаш ќе се отворат сите патишта. Веднаш ќе престане војната во Босна, итн. Па ние влеговме во ООН. Овој состав што сме . Како сме ја донеле таа политика што ја кроиме внатре во Македонија, таква е. Ние влеговме , како така во ООН. Ние вчера бевме примени во ООН, во еден сегмент на ООН. во

оној дел каде што се говори најповеќе за храна и земјоделски производи. Тоа значи дека нешто се работи.

Приватизацијата, сите ја критикуваме, како да сите се пљачкаши, сите се лопови. Се така гледаме, со тие очи. До кога вака господа. Јас знам, дека овде меѓу нас има луѓе кои што навикнаа да седат на овие делегатски и пратенички клучи по 2-3 мандата, можеби и сакаат и доживотно да седат. Нека им е на здравје. Нека бидат доживотно. Меѓутоа, водењето на една држава со да речам, искривена политика, тоа не може да биде така. Низ кои се перипетии помина овој претседател што е овде позади мене и ги кине живците со сите нас овде и колку се може да трпи, и само плукање, не чиниш, не чиниш, три години. Па човек ќе пукне. Па имале ли малку обѕир како човек према човек. Нека се најде начин како да се зборува. Опструкцијата е многу лоша работа. Овде се прават опструкции уште на почетокот. Зошто да се прошири низата Ако тие пет збора се кажани, што е тоа што требало да се каже овде Па тоа не е ништо непознато, се е тоа познато. За тоа се разговарало и порано. Зошто денес да се разговара за тоа? Значи сакаме да внесеме немир меѓу нас овде, да внесеме немир меѓу граѓаните на РМ, меѓу новинарите. Минатиот пат кога имаше овде пратенички прашања имаше гости новинари од надвор. Што тие мислат за нас? Па дури прашања, нека ми простат, дали ќе ме убие некој, или слично. Што е тоа? Какви се тие прашања? Јас ја ценам внатрешната ВМРО, јавно искажувам, ВМРО гоцевата. Јас имам една книга која пред прославата ја прочитав. Ако не сте ја прочитале ќе ви ја дадам да ја прочитате. "Политичките убиства во Бугарија", таков е насловот. Сум бил трето одделение, тогаш сум ја добил таа книга. Многу лоши работи има во неа. Како да историјата

некако се враќа, како да сака да се повтори историјата. Ова не е добро за Македонија. Јас во овој момент зборувам само како човек кој е од Македонија и е Македонец. Затоа што вие што се православни по вера сте го приватизирале тоа право, само вие да бидете Македонци, опростете ми на зборот, ама така е. И јас сум Македонец. И не му признавам на никого дека е поголем Македонец од мене. Може некој да стрчи лево-десно. Можеби не е времето да се каже тоа што јас мислам, но сигурно и вие ќе бидете спремни еден ден како што некни на разговор со претставник на демократскиот центар односно, демократската организација во Америка му е пренесено дословце што е тоа што може таму, а не може овде. Во таа трочлена делегација еден Мигро, црнец. Па тој е Американец, а јас не можам да се речам сега за Македонец. Зошто? Но, тоа ќе го оставиме за некои други времиња, можеби нашите внуци ќе се осознаат и ќе видат што е што.

Да кажам некои детали, за што сакам да прокоментирам некои работи.

Ние не сме го донеле оној основен закон со кој може да работи нашиот суд. Ние таралитаме овде за права држава, а не сакаме да допуштиме да се донесе законот за судовите и Советот да се оформи. Се плашиме ли од правна држава? Се плашиме заради тоа што ќе важи од курир до претседател на држава. Од тоа ли се плашиме? Па ние не го донесуваме законот овде. На нас ни треба мнозинство за гласање. Не сме во состојба да го обезбедиме. И сега претседателот е крив. И сите други закони што се ставени во процедура. Опростете ние одиме по комисии, зборуваме и партиски разговараме за тие закони. Што имаме забелешки има даваме написмено. Што има ние овде за една запирка

пет дена да раcправаме. Сакаме да бидеме интересни на народот, еве тој кажал, оној кажал. Не може да биде тоа така. Мислам дека реалноста не се гледа само со едни очи. Реалноста има и други очи. Дали не се срамиме од граѓаните?

Она што е наведено во Интерпелацијата. Дали г-динот Андов, претседател на Собранието на РМ имаше право тоа што го рече. Постојат институти и институции во оваа наша Република. Претседателот Глигоров, неговата екселенција беше отсутен од РМ, беше во ООН (негодување во салата), да господинот е екселенција, ако не сте знаеле, да знаете и да бидете спремни да се гордеете со него и со тоа име, екселенцијо. (префрлање и негодување во салата од страна на десниот блок). Опростете вака , не мислам да речам дека сте некултурни, а јас сум културен. Не може да биде јас сум проникнал од оваа средина овде, и мојата средина е Шутка и Топаана, меѓутоа министрите, Владата и господинот претседател се екселенции. Ќе навикнеме еден ден. Нашите внуци ќе навикнат.

Сакав да речам ова. Ако неговата екселенција г-динот Киро Глигоров бил во ООН и според Уставот го заменува претседателот на Собранието. Ние имаме вооружени сили во РМ. Бидејќи претседатело на државата е и командант на вооружените сили, дали г-динот Андов во тој момент е командант на вооружените сили, при постоење на Генералштаб, началник на Генералштаб итн. Се се тоа прашања кои треба да се кажат и треба да се видат. Можеби згрешил г-динот Андов Меѓутоа, можеби и не згрешил. А за тоа ќе расправаат компетентни луѓе и тоа во Комисијата за уставни прашања, а политичките партии да седнеме да разговараме, што е тоа, дали е тоа така или не е. Значи со

тоа имаме многу други места за кои треба да расправаме, Да бидам чист пред себеси, мојата партија ја разгледуваше оваа работа и во никој случај , не и не поддржува ама ништо од она што пишува во Интерпелацијата, заради тоа што мојот ЦК и Извршно биро смета дека правото на претседателот на Собранието на РМ, беше такво, според Уставот, кое налагаше одредени ингеренции, а велам за она другото треба да се седне и да се разговара дали е тоа тоа, или не е, дали се ограничува во нешто, мислам од аспект на одбраната и заштитата на државата.

Второ, граѓаните на РМ знаат , они по улици кажуваат дека јас сум народен човек , и јас секогаш на народен јазик зборува на економски јазик, многу малку зборувам овде, зборувам во мојата фабрика. Јас не сум некој си голем политичар и не е место овде да се бистри политика, место ми е во мојата партија да бистрам политика, а овде закони се донесуваат. Значи Интерпелацијата ја гледаме како акт кој сака да донесе некој смут во РМ, и тоа во овој момент кога ни претстојат многу големи работи, токму секогаш се подудара со нешто, кога нашиот јужен сосед е на гости кај господата кај северните наши соседи, кога си прават некои дубари меѓу себе за оваа Македонија, кога секој сака нешто да земе по9 нешто бакшиш, а ние овде се расправаме меѓу себе, сакаме да се поколеме и поставуваме такви прашања. Зошто никој не постави прашаше, каква е состојбата со електроенергетскиот биланс во РМ. (негодување во салата). Се извинувам аудиториумот што без респект му кажав на г-динот Положани, другар пратеник не е тоа твоја работ но затоа што тој постојано така истапува, но нервозен е човекот малку и не ми штети мене ништо.

Интерпелацијата сигурно треба да даде елементи за одредени исправни на секој носител на јавна функција.

VII/1.- ПЈ/ЉР

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Јас молам овој Парламент и претседателот на Собранието а и одговорните во политичките партии да седнат да разговараат, да седнеме да разговараме зошто овие 3,4 или 5 месеци, си правиме непотребни расправии меѓу нас. Ако има нешто да сме начисто, а што нека би, нека би, ете тоа. Со тоа би завршил.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство дами и господа пратеници, по овој повод мислам да ги кажам следниве работи: сите напори било од кого поединечно како политички субјекти или независни пратеници сите залагања во правец на продлабочување на демократијата и демократските процеси со се срце ги поддржувам и ме радуваат. Сите напори на професионален придонес и осветлување и надминување на проблемите, исто така.

По повод оваа интерпелација добивам впечаток дека веќе кај нас стана помодарство без доволно чувство на одговорност, без осет за потребата на изнесување на факти скоро крајно несериознио му се приоѓа на овој начин на таканаречената постапка, поднесување интерпелација. И оваа Интерпелација, по мое длабоко убедување не отстапува од претходните скоро со ништо. Затоа мој впечаток е следен, воведен пасус непотребен, непотсетува на процедура.

Вториот пасус, кој зборува за ефикасноста првиот човек рамноправен со 120, најмалку е крив за неефикасноста на работењето на Собранието.

Третиот пасус има само претпоставки.

Четвртиот пасус најмалку е крив г-дин Андов, за тоа што се вели за него.

Петтиот оасус , се работи очигледно за непознавање на работите од доменот на професионалноста.

Шестиот пасус апсолутно не држи.

Седмиот докажува дека н е постои никаква одговорност.

Оттука и мојата определба за оваа интерпелација да бидам краток да не користам повод да кажам и други работи. Жаков е г-дин Андов ни на крај на оваа прилика не чувствувам потреба да кажам и да давам сопствен суд и одговор, но во оваа прилика, поаѓајќи од себе, а најмногу од себе, некој да не се осека увреден земајќи го предвид ставот на ова Собрание можам одговорно да изјавам дека г-дин Андов е подобар од што ние го заслужуваме.

Понатаму, очекувам интерпелација и би имал интерес и зошто да разговарам и да се даде придонесе под услов таа да се занимаваше со вистинските носечки програми, со започнатите процеси на демократијата и демократичноста во Републиката, каде е г-дин Андов во неа што придонел и не придонел како единка, ако пратеник и како претседател на сите нас. За ангажманот на г-дин Андов за посовремен начин и метод на работа на Собранието, за инсистирањето на г-дин Андов и негов конкретен придонес за посовремен, поефикасен и помодерен деловник околу овие проблеми би бил спремен и би ми била желба да разговарам и очекував кога чув дека ќе има интерпелација дај боже да има и нешто од овие сфери во неа за да можеме да отвориме интелектуална расправа и да дадеме придонесе за доброто на сите нас за добро на Македонија.

VII/3.-

Ценам дека на една особина на г-дин Андов му се врака како бумеранг, прешироко толеранција, посебно мој почеток е дека тој таа особина во изобилство ја нуди кога е во прашање опозицијата и независните пратеници.

**СТОЈАН АН ДОВ:**

г-дин Бранко Арсовски-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам како претставник на Социјалистичката партија на пратеничката група веднаш да кажам дека ние не сме потписници ниту еден од пратениците на поднесената интерпелација, бидејќи се спомна дека најголемиот дел односно сите пратенички групи го имаат попишано ова. Меѓутоа, слушајќи додатните образложенија на подносителите на интерпелацијата, а и она што е поместено во самата Интерпелација и во неговото образложение, морам вака гласно да кажам дека не ме убедија со одредени материјални и друг вид факти дека треба да дадам поддршка на оваа Интерпелација. Таска последниот мој заклучок е сакам да кажам однапред едека не ги прифаќам интерпелациите затоа што немаат доволно материјални докази и материјални факти за да можат да потврдат дека претседателот на Републичкото Собрание г-динот Стојан Андов е толку крив што овој Парламент биде блокиран или да не кажам не работи квалитетно. Меѓутоа, се наметнува едно прашање кај мене принципиелно што сакаме да постигнеме со Интерпелација. Гледате дека почесто сме склони, можеби речиси на секоја некоја прва и можеби некоја втора седница за поднесување на интерпелации и да го трошиме времето исклучиво на овие интерпелации еве и како денеска да дискутираме за едно прашање, а многу малку сме спремни изгледа да дискутираме за економски, социјални проблеми кои се присутни во државата, а можеби и разрешување на одредени проблеми врзапи и за економскиот, за социјалниот, па и за политичкиот аспект, токму зависат од самите нас

тука. Зошто? Токму: заради тоа што сме некој законодавен орган и би требало да носиме одредени законски проекти со кој законски проекти треба да го режираме односно да ги градиме односите во државата дали во економската сфера, да ли во социјалната, дали во политичката. •

Во оваа смисла правам една комплетна анализа за се он а што беше присутно во претходниот период од преди неколку години, го поставувам во тој дел севкупниот парламенти и сите ние пратеници,. а во меѓувреме го поставувам претседател на Собранието на РМ.

Ако се направи една објективна анализа, една објективна опсервација на сите нас тука во права смисла на зборот може би ќе треба сега да вагаме кој колку придонесовме и под знак прашалник да имаме неквалитетен парламент, да имаме не квалитетни одлуки, да имаме ненавремено донесено законски проекти или едноставно да не ги исполниме сите обврски кои произлегуваат од Уставниот закон и од промените што ги нуди самиот Устав. Згора на тоа, да ви кажам една работа ние како парламентарци сме многу дволични во себе. Кога беше прашањето за да се смести во Уставот од повикување на самиот пратеник бевме многу грлати и спремни да донесеме таква одредба во Уставот во која можеме да се оградиме и да бидеме вековни во овој Парламент, ниту може народот да не исправа, ниту раководството, ниту сами себе ние тука и ние сме нарцистипови, најдобри,најпогодни итн. И сега практично нас никој не смее да не дирне во таа смисла. Кога доаѓа прашањето сега за другите знаете јас сум најдобра, но овој до мене не е добар, тој прави проблеми во таа смисла. Сега целокупната одговорност на нас пратениците по било која игра ја фрливме на претседателот на Републичкото собрание и кажеме ама да не беше тој господин Андов, ние ќе работевме многу квалитетно. Јас да ви кажам дека се сомневам

во една таква теза било кој овде да ја покажува од аспект еден барем за мене, каква структура имаме ние овдека во Парламентот. Некои психолози ка кажав во некоја ситуација ако сакаш некој добро да раководи со доредена група треба да избереме дали ќе биде тоа хетерогена или хомогена група. Ако имавме една хомогена група по сите обележја, јас тврдам дека нашето раководење ќе беше добро и без претседателот на Републиката. Зошто? Пак едно исто мислење имаме, едно исто образование имаме, една иста способност, квалификации, искуство итн. и политичка опција. Меѓутоа, сега го имаме сосема спротивното. Имаме една хетерогена структура, разни партии, разни идеологии и за мене дури во оваа смисла интерпелациајта губи од својата важност. Секое неслагање на една партија по било која смисла се поднесува интерпелација за конкретната личност кој е надвор од мојата партија со единствена намера да го дискредитирам, да го омаловажам, да му ги потценам неговите способности, иако е некој сподобен, ние ќе уфрлуваме нешто што е негативно. Во таа смисла мислам дека, јас спомнав кога беше интерпелацијата на г- динот Фрчковски дека се плашам дека ние како пратеници можеме да избереме претседател на Републичкото собрание кој ќе не раководи да биде по мерка на било кој поединец или пратеничка група. Тврдам дека е тоа неможно и во никоја смисла ниту можеме тоа да го изведеме.

Во тој контекст сака да кажам дека ако ние како пратеници сме крајно одговорни во нашето однесување, јас мислам дека ќе му овозможиме и на нашиот претседател многу поквалитетно да раководи со нас.

Инаку, лично јас како Бранко, како претставник, односно како член на пратеничката група од Социјалистичката партија можам да кажам се позитивно во однос на раководењето и умешноста на нашиот претседател на Републиката. Дури се сомневам во оваа ситуација како

да е ова лично најпогодна во ситауција да го синхронизира и координација работите во рамките на Парламентот. Инаку, во спротивно ние имаме искуство дека едвај можеме до крај да ја изведеме одредена седница.

Апелирам до сите пратеници, барем за овие последните 7-8 месеци колку останаа од изборот да направиме напори да работиме по овие други проекти, да се занимаваме со економските проблеми, да се занимаваме со социјалните проблеми и на тој начин да даваме придонес за да нашата економија стане на здрави нозе, а со самата економија мислам ќе се разрешат и овие други проблеми. Во таа смисла му давам поддршка на претседателот на Републичкото собрание Стојан Андов а не; ја прифаќам интерпелацијата што ја слушаме од претходните пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

г-дин Стојков

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници,претходните дискутанти настапија на некој начин како да имаме во ова Собрание на судење и толку трагично го сфатија тоа "судење", а јас би рекол дека интерпелацијата како институт за ублажување на направените грешки од поедини функционер? односно за нивна критика е сосема демократски чин. Зошто честопати имаме интерпелации, како што некој спомна овде пред малку. Затоа што еден од начините на контрола и надзор на извршната власт односно на избраните функционери од ова Собрание е токму, почнувајќи од пратеничко прашање, токму интерпелација. Значи интерпелацијата е во корелација со политичкото дејствување на избраните пратеници во ова Собрание. Тука нема ништо што не е демократско. Како што некој сака да ни натури еве Интерпелацијата е таков чин, дури имавме едно тврдење дека ако се бара одговорност од претседателот на ова Собрание имавме дестабилизација на државата без малку, што е за

мене, исто така, еден голем апсурд, односно дека сеуште владее она 50-годишно би рекол размислување со наша поддршка на некој начин, условно го кажувам оваа наша поддршка со нашите измиени, сеуште измиени мозоци, а не премиени повторно дека имаме луѓе кои се незаменливи. Јас по мојата определба секогаш би кажал дека нема на овој свет незаменливи луѓе, па така ни во ова Собрание, ни во оваа Република Македонија нема луѓе кои се незаменливи. Туку, можеме да кажеме дека имаме малку или повеќе заслужни функционери во овој случај и претседателот на Собранието можеме да кажуваме дали тој е за некои работи заслужен, односно да имаме едно делење на работите и се неговите заслуги, меѓутоа, кои се и неговите грешки. Тоа е општо правило во демократијата. Ако сакам јас како член на опозицијата некого да критикувам, нормално би си ги искажал оние размислувања мои кои за мене претставуваат во овој случај би ги нарекол условно вина на претседателот на Собранието во примената на заложничките одредби во Деловникот за работа на Собранието на РМ.

Јас да бидам искрен, излагањето на ф-гата Марковска како еден од потписниците на Интерпелацијата, која на еден многу така сублимиран начин ги изнесе нејзините размислување а кои влијаеле да се определи да биде потписника на таа интерпелација јас би сакал да кажам и две мои размислувања, односно две мои забелешки за начинот на работата и водењето на седниците на ова Собрание од страна на претседателот на Собранието на РМ г-динот Стојан Андов.

Еве, скоро 3 години работи овој парламент свесни сме, тоа и јавноста го знае дека начинот на утврдување на присутноста на пратениците во Собранието за мене се одвива на еден неделовнички начин од проста причина што во Деловникот постои одредба ако претседателот не е сигурен дали има кворум на некоја седница, тоа

може да го утврди единствено со прозивка, односно ако еден од пратениците, поддржан од 10 пратеници тоа исто го побара да се утврди присутноста на пратениците со прозивка. За жал, тоа досега не е сторено. Затоа, велам, тоа е единствената можност да се утврди бројот на присутните пратеници во ова Собрание, нешто во контекст на она што г-динот Алил Џафероски како еден од потписниците го кажа- Што значи дека за мене потполно е неделовнички службите во ова Собрание да ја утврдуваат присутноста на пратениците. Тоа е првата моја забелешка, покрај оние што велам што г-гата Марковска ги извести.

**СТ0ИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение)

Втората моја забелешка се однесува на незавршување на започнатите седници. Некаде пред две седници исто така од ова Собрание имав деловничка забелешка за начинот на почнување на нова седница односно толкувајќи го и проучувајќи го деловникот за работа на во Собрание може да се види дека закажување на нова седница не може да с изврши се додека не се заврши претходната седница. За жал ние како пратеници и македонската јавност се свесни дека ова Собрание има три четири седници незавршени, почнувајќи од 41-та итн., да не ги набројувам.

Затоа, мислам дека оваа Интерпелација, гледајќи го односот на силите, условно кажано, на тие кои на некој начин ја поддржуваат Интерпелацијата и на тие кои ја отфрлаат интерпелацијата, дојдов до еден личен заклучок односно мислам дека оваа Интерпелација е изнуден за да нештата си дојдат во една рамка која беше зацртана при формирањето на оваа коалиција, односно на ова парламентарно мнозинство што сега го има таа коалициона влада во ова Собрание.

Зошто го велам ова? Ако се потсетиме за односите меѓу коалиционите партнери некаде пред два-три месеци, сите ќе видиме, ако се навратиме малку на тие случувања што се случуваа во однос на релацијата внатре во коалицијата, ќе видиме дека Либералната партија чиј претседател е господинот Стојан Андов, односно уставно сега му мирува политичкото ангажирање во таа партија, меѓутоа, тој е сепак претседател на Либералната партија, ќе видиме дека Либералната партија на некој начин бараше нова прераспределба во таа коалициона влада, односно добивање повеќе ресорски министерства кои би припаднале на Либерална  партија. Тоа нормален политички потег на

секоја политичка партија јас тука не гледам ништо лошо, и мојата партија исто така кога би била во некоја коалиција сигурно ќе го бара она што мис

ли дека треба да и следува.

Затоа, велам дека оваа Интерпелација ја сметам како враќање на тие односи односно Либералната партија и господинот Стојан Андов како претседател, чие политичко ангажирање му мирува согласно Уставот на таа Либерална партија, на некој начин се униформираат во овој случај би кажал, односно да се вратат, да им се каже правата позиција која им припаѓа во коалицијата. Зошто го велам ова? Од едноставна причина што кога ќе заврши расправата за оваа Интерпелација гласа ето тоа ќе го покаже односно ќе се увериме дали ова што го велам е вистина или можеби во своите прогнози, така да кажам сум се излажал. Јас ве уверувам дека коалиционите партнери односно повеќето пратеници од коалиционите партнери ќе ја отфрлат оваа интерпелација, а тоа го покажаа и досегашните дискусии, без разлика што по еден или двајца од тие коалициони партнери, да речеме од ПДП, СДСМ, Социјалистичката партија ќе гласаат за интерпелацијата. Мислам дека тоа е една игра која му се наметнува на македонското население односно на македонската јавност, а се со цел да се занимаваме со други работи, без разлика што не се согласувам со она дека еве како Собрание се занимаваме со интерпелации а не донесуваме закони. Извинете, господа, ние донесуваме закони како Собрание и како што кажа госпоѓата Марковска, ние го донесовме највисокиот акт во оваа држава, а тоа е Уставот на оваа држава, на оваа македонска држава, врз основа на кој ги донесуваме сите останати прописи односно закони. Затоа, друга е работата што опозицијата честопати, гледајќи ги решенијата во тие закони кои се нудат од Владата односно коалицијата, честопати сугерираат свои можни решенија односно решенија кои се

спротивставени во однос на решенијата што ги предлага актуелната влада. Тоа е исто така сосема нормално, тоа се тие демократски односи и затоа не размислуваме исто, односно, затоа имаме позиција и опозиција како еден сегмент многу битен во развојот на демократските односи.

Затоа, ќе кажам оваа изнудена, во наводници ќе кажам, интерпелација без разлика што верувам дека поголемиот дел од предлагачите на интерпелацијата имале чесни намери на некој начин да се подобри работата на ова Собрание.

Што се однесува до Деловникот, за мене е уште една потврда дека коалицијата, би рекол како што кажав пред малку ги униформира односно ги враќа на своето место сите оние коалициони партнери кои с обидуваат со една проба да прават така условно кажано некои излети. Деловникот ова Собрание може да го донесе, господа, меѓутоа факт е дека претседателот на Собранието е тој кој го става или не го става деловникот на дневен ред. За жал, досега ниту тој деловник не е став на дневен ред, ниту седницата за судовите како што некој кажа, еве зошто не го донесуваме законот за судовите. Тоа се нормални работи односно работи кои треба да се стават на дневен ред во ова Собрание и да видиме ова Собрание како ќе се произнесе, односно ако падне Законот не е никаква штета. Зошто не е штета? Па имаме одредби дека по шест месеци ќе се понуди нов закон. За законот за судовите ние изгубивме не шест туку повеќе од шест месеци, без разлика што на некои пратеници не им се допаѓаат решенијата иако расправата по текстот на тој закон е завршена. Затоа велам, сите тие работи се само создавање една погрешна слика во јавноста дека ова Собрание не е способно да донесува некои закони. Ова Собрание е способно да донесува закони и тоа донесува закони. И на оваа седница имаме редица битни закони,

кои верувам после една опсежна и спротивставена расправа, што е исто така нормално, нормално е во демократијата да имате спротивставени мислења. Само така може да има напредок и државата и ние како личности затоа што и ние за три години се учевме за демократија, меѓутоа, верувам дека и јавноста, односно условно да кажам народот на некој начин полека полека се учи на политика односно на демократија.

Да завршам, ќе оценам пред самиот чин на гласањето на кој начин ќе гласам, прифаќајќи ја сугестијата од господинот Голубовски да погледнам малку на левата страна за да видам како ќе гласаат господата почитувани пратеници од коалицијата, односно малку пред мене каде што седам и тогаш ќе се определам на кој начин да гласам за интерпелацијата на претседателот на Собранието Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувано претседателство,во однос на интерпелацијата темелно ги испитав сите поместени наводи во истата и врз основа на анализата на фактите, во поткрепа на тие налози, нормално, недвосмислен мој личен заклучок е дека сите тие наводи немаат во себе никаква вистина, не се реални, и не се поткрепени со аргументи во својата доказност. Напротив, скоро сите од овие наводи во интерпелацијата за господинот претседател на Собранието Стојан Андов, велам скоро сите повеќето се однесуваат по мене за поголем број од потписниците на интерпелацијата. Така на пример, наводите за блокада на Собранието, за злоупотреби на овластувањата, за манипулирање со Деловникот, за забелешките за неефикасност на работата и одлучувањето на Собранието или претворањето на Парламентот во улица, мислам дека е поместена локацијата на тој што се однесува, наместо за претседателот

на Собранието, многу повеќе сите тие работи, по мое лично убедување, важат за поголем број од потписниците на самата интерпелација. Впрочем, јас мислам дека многу повеќе блокади и многу поголема неефикасност и злоупотреби и правење на улица од Парламентот би имало во случај актуелниот претседател да не е на функцијата што сега ја врши.

Мислам дека за посебно анализирање е составот на потписниците односно негов значителен дел. Исто така, по мое убедување, карактеристични како актери кои постојано се за нешто против. На пример, против претседателот господинот Глигоров, против господинот министер Фрчковски, еднаш против господинот Андов, пак против господинот Глигоров, пак против Фрчковски, министерот Бајалџиев, така што испаѓа дека тие се за се против, дека се не чини, тие чинат, а по мое убедување стварноста е дека токму тие не чинат, за тие што се однесува дека не важи тоа. Тоа е онаа истата работа како и порано - критика, критика, критика, што самите тие го критикуваат монистичкиот систем, а самокритик јас што правам, јас како се однесувам, тоа не е важно. Морам да кажам дека читајќи ги наводите во интерпелацијата, едно време бев и самиот во заблуда. Си велам: зарем е можно, наводот во интерпелацијата кој што се однесува за членот 82 од Уставот на Република Македонија потписниците на интерпелацијата толку да покажат незнаење или не сакање до крај и целосно да го коментираат или толкуваат односниот член, каде што фактички не се работи за вршење на функцијата претседател на Република, туку како што децидно кажува ставот 3 од член 82, се работи за замена во случај на спреченост на претседателот на Републиката што е многу јасно и е искористено сигурно со свесна намера. Велам бев во заблуда, но од дискусиите на односните потписници ми стана сосема јасно дека фактички се работи за лични амбиции за односната функција или за функцијата потпретседател

на претседателот, што мислам дека по фер е и понормално е да се постави не како интерпелација за претседателот на Собранието, туку иницијатива за именување потпретседател на Претседателот на Република Македонија. Мислам дека така е подобро, зашто сега со искажување на правничко незнаење и со криво толкување на Уставот се кажува една работа, а целта е многу јасна, како што истото беше и искажано.

На крајот сакам да му забележам на претседателот на Собранието, само едно дека во овој состав на Собранието, во овие односи во актуелната коалиција и со оваа опозиција навистина успева со нормален тек и успешно да го води Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Јас сакам да му се заблагодарам на господинот Минов што наместо да каже нешто како забелешка за работата на претседателот тој на дневен ред ги стави потписниците на интерпелацијата. Можеби дел од тоа што го кажа стои и за нас но веројатно и за него нешто повеќе отколку што кажа за нас. Не знам која е причината да се поставува одбранашки како во добрите стари времиња од социјалистичкиот сојуз, заради тоа што господинот Андов воопшто не е нападнат туку едноставно се разговара за забелешките во поглед на неговата работа како претседател на Собранието на Република Македонија и тоа воопшто не е страшно, тоа е апсолутно демократски чин предвиден и со Уставот на Република Македонија и тој што е на висока функција секогаш треба да смета дека другите го анализираат и ќе ставаат забелешки на неговата работа. Немој сега да се претвори - анализирал, правел, чинел, како во УДБА во времето: Арно е, ама овие нешто размислуваа вака,

има позади таа работа. Нема ништо, се што имаше се кажа овде и сметам дека треба малку покоректен пристап да имаме кон оваа работа.

Околу тоа колку сме знаеле и колку евентуално не сме сакале да знаеме и да научиме околу членот 82, ставот 3 од Уставот на Република Македонија, ќе ја прочитам на господинот Минов одредбата од членот 10 став 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и ќе биде сосема јасно дали воопшто може да стане збор за примена на членот 82, на било која одредба на членот 82 на Уставот на Република Македонија, а таа гласи:

"Одредбата на член 82 од Уставот ќе се применува по одржувањето на новите избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран потпретседателот на претседателот на Република Македонија"

Господа, ако некој сака да се исправи оваа работа, на овој Парламент не му е забрането да се промени оваа одредба, но се додека е во Уставот на Републиката, има да се применува и ништо повеќе.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Враќајќи му ја благодарноста што ми ја изрази господинот Џафероски, и јас му благодарам што со ваквото негово реагирање фактички ми одговори на една, за мене неразјаснета работа, на ист партиски или политички основ се состанат, така да кажам, инаку политички и партиски неадекватни претставници од партиите што се застапени во Парламентот. За мене сигурно тоа ги натерало овие потписници на Интерпелацијата некоја надворешна голема влијателна сила, што јас не знам што е, но реагирањето на господинот Џафероски ми кажа дека такво нешто сигурно има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Уште една потврда дека принципите на УДБА се влезени и во овој Парламент. Од каде сознанијата дека партиски неадекватни пратеници под влијание на некоја надворешна сила, тоа е параноично, се разбира се потпишаа за Интерпелацијата. Па, никакви обвиненија нема во таа Интерпелација. Не се обвинува некој за предавство и за слични работи. Едноставно тоа се забелешки, како што и многу забелешки за нас некој може да каже можеби десет пати повеќе отколку што ние кажуваме за господинот Андов и сега испадна многу крупна работа ова. Како прво не стои и го игнорирам ваквото размислување. Врз мене никаква надворешна, ни внатрешна деструктивна политичка сила не може да влијае. Јас едноставно сакам добро за Република Македонија. На сите други им пожелувам добро.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Морам да ви кажам дека ми е смешно да одговарам на вакви, баш, смешни инсинуации од претходниот пратеник, меѓутоа ќе го потсетам овој Парламент на сите негови досегашни дискусии во стилот на подаништвото и полтронството како најдобра мерка како треба да се успее во животот и воопшто во животот. Меѓутоа, ме изненадуваат и некои правнички непознавања што сега се потврдуваат бидејќи споменатиот пратеник еднаш рече дека за некои од нас треба да се напра- ви закон. Своевремено се правеа закони за заштита на името и делото на големи луѓе. Ние сме сосема обични мали луѓе кои сакаат одредени свои принципи да му ги дадат на знаење на овој Парламент. Како кој ќе гласа е право на секој, меѓутоа продавањето на правничка некултура е право пак на секој од нас кој колку ќе се искаже.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? Господинот Иванов се повлекува. Господин Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не сум Флоров, туку Флоровски сум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Флоровски, него како?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас ве разбрав дека Флоров рековте, господине претседателе. Инсинуации се овие.

Иако не сум потписник на Интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија, сметам дека како пратеник треба да го елаборирам своето мислење за досегашната, би рекол неуспешна работа на првиот меѓу еднаквите во ова Собрание господинот Стојан Андов.

Пред се морам да се осврнам на неговиот однос кон пратениците,пред се од опозицијата, а во последно време и кон одделни пратеници од коалицијата. Не е никаква тајна, впрочем секој може да го види неговото самоволие, потценувачки однос, игноранство, омаловажување и редица други негативности со кои често знае да не удостои господинот прев меѓу еднаквите од својот трон зад парламентарната говорница. Искрено да ви кажам веќе алергичен станав на неговите изветвени фрази: ќе ја прекинам седницата; не ви давам збор; ви одземам збор; ќе ве истерам од говорницата; ја прекинувам седницата итн. итн.

IX/3.-

Очигледно водењето на седниците пред се зависи од неговото расположение и неговиот партиски личен интерес. Кога сме кај неговото расположение, пред се мислам на тоа дали господинот е прописно наспан и дали е станат на лева или на десна нога. А, кога говорам за неговиот партиски интерес морам да признам дека е мајстор кога треба да се профитира во негова партиска полза.

Следствено, не попусто брзо напредуваше од провинциското Кавадарци, некогашно провинциско, па се до амбасадор на екс СФРЈ во Ирак, па дури и личен пријател на сатрапот Садан Хусеин, барем така лично изјавувал господинот Андов.

Сигурно господа пратеници додека ова г» говорам првиот меѓу еднаквите лежерно седи на тронот зад мене, а можеби и не седи туку повеќе лежи и цинично ни се смее зад грб, шлагворт на неговиот провинциски манир на однесување. Впрочем господо ништо не може да се направи, господинот Андов е таков каков што господ го дал. Па из-лишен е и секаков напор нешто да се измени. Она што е вродено не може да се анулира.

Би имало уште многу да се говори околу неговиот однос, бонтон, култура, манир во однесување и друго, но сметам дека е досадно да се повторуваат работи кои се одвиваат пред очите на македонската јавност. Она што го сметам за побитно и приоритетно е работата на самиот Парламент, највисокото законодавно тело на Република Македонија и од чие пулсирање воглавном зависи и животот во Република Македонија. Како и секое Собрание и нашето македонско ика деловник за работа на истото, што впрочем претставува законик за работата на Парламентот. Но, што ако не се почитува и тоа од првиот меѓу еднаквите, од господинот Андов, репрезент на Парламентот во држава- та и надвор од неа. Во тој случај нормално е и непочитувањето на Деловникот за работа на Собранието и од страна на пратениците.

Но, тука постои една финеса која мора да ја потенцирам. Непочитувањето на Деловникот секогаш доаѓа од страна на опозицијата т.е. ВМРО-ДПМНЕ и останатите, барем така секогаш се изјаснувал господинот Андов. Сите други го почитуваат Деловникот освен ВМРО-ДПМНЕ. Непочитувањето на Деловникот во Собранието од страна на господинот Андов сметам дека е една од главните причини поради што Собранието се почесто се наоѓа во блокада. Достоинството на Собранието доведено е на најниско ниво. Неефикасноста е одлика на ова Собрание, што е повеќе од очигледно. И воопшто не ме чуди што овој Парламент служи за потсмев во јавноста. И јас да сум од другата страна на јавноста исто би се однесувал. Значи, зборувам за непочитување на Деловникот од страна на претседателот Андов, кој иако е од времето на едноумието, сеуште е важечки и мора да се почитува.

Каснењето на новиот деловник, иако во фаза на предлог е готов уште пред повеќе од една година воопшто не дошол на дневен ред на седницата на Собранието, а уверен сум дека нема да дојде на дневен ред, барем додека трае овој состав на пратениците. За ова исклучива вина носи претседателот Андов.

Момент кој исто така мора да се потенцира се незавршените седници исклучиво по заслуга на господинот претседател на Собранието. Се работи за Четириесет и прва, Педесет и прва, Педесет и трета, Шеесет и петта седница. Упорно се избегнуваат, а некои од тие точки иако фигурираат на дневниот ред на Шеесет и осмата седница верувам дека успешно ќе се ескивираат, нормално со благослов на претседателот на Собранието. Тука пред се мислам на законот за лична карта, матична евиденција, грбот на Република Македонија, за кои треба да одлучува Уставната комисија, која никако не успева да се состане, а претседател на Уставна комисија, колку да ве потсетам е господинот Андов.

IX/5.-

Следствено и законот за информирање од Педесет и третата седница упорно се избегнува исто така по заслуга на господинот претседател Стојан Андов, и кој закон претставува еден од основните услови за прием на Република Македонија во Советот на Европа.

Покрај непочитувањето на Деловникот, на негова душа оди и непочитувањето на Уставот на Република Македонија. Се прашувам господа пратеници во кое својство господинот Андов учествуваше во работата на состанокот на лидерите на Европската Федерација на либерални, демократски и реформистички партии од 20 до 23 октомври 19 93 година во Париз. Дали во својство на репрезент на македонското Собрание или во својство на лидер на Либералната партија?

Што се однесува до првото прашање мислам дека е во ред, но ако се работи за учество во својство на лидер на Либерална партија тогаш господа тоа е прекршување на Уставот на Република Македонија, поточно на член 67 во кој се вели дека вршењето на претседателската функција е неспоиво со функцијата лидер на партија, што би требало да значи мирување на партиската функција. Впрочем, добро паметам од оваа иста говорница десетина и повеќе пати беше потенцирано истото за што и јас денес говорам, а што се однесуваше на потпретседателското место на господинот Љупчо Горѓиевски, од неговата партија, партиска функција кога беше ставена во мирување.

И последниот гаф на господинот Стојан Андов, на 1 октомври 1993 година, на третото продолжение од Шеесет и седмата седница го има изјавено следното цитирам: "Ве известувам заради уставните решенија јас денес не гласам бидејќи претседателот се мисли на претседателот на Републиката, господинот Глигоров, "е отсутен и кого го заменува претседателот на Собранието". Претседателот на Собранието не гласа за да нема недоразбирање зошто не гласал.

IX/6.-

Оваа изјава на господинот претседател Андов претставува кршење на одредбата од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, членот 82 од Уставот на Република Македонија и членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. Што значи директно суспендирање на претседателот на Република Македонија, неговите надлежности за време на мандатот утврден со Уставот на Република Македонија, што исто така претставува пречекорување со Уставот утврдените надлежности на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов.

Во истиот контекст морам да го потенцирам и следното. На 3 ноември 19 9 3 година до Собранието на Република Македонија е испратено писмо од претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров до пратениците на македонскиот Парламент во кое господинот Глигоров вели дека лично го овластил претседателот на Собранието, господинот Андов да го заменува во негово отсуство. Но, очигледно една работа е очигледна дека писмото е испратено по еден месец поминат од изјавата на господинот Стојан Андов на 1 октомври 19 93 година, што значи после периодот на покренување на Интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов. Што тоа значи оценете сами, господа пратеници.

Следствено, овде се работи за невиден гаф од страна на претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров затоа што писмото, т.е. еден вид овластување го издава со закаснување од еден месец, а позадината многу добро ни е позната. Според тоа и од овој аспект сметам дека е направена невидена манипулација и од страна на претседателот на Собранието со претходно наведеното прекршување на член 82 став 3 од Уставот и од страна на претседателот на Републиката господинот Глигоров од горе наведениот аспект. Според тоа неминовно се наметнува оставката на господинот Андов од сите досегашни

наведени причини и нормални од негов морален аспект. Доколку има морал и ги прифати одговорно сите овие сознанија кои одат на негова душа.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Чисто принципиелно заради текот на седницата, нормално во името на пратеничката група ова што овде се искажува како инсинуации, како лични навреди и на претседателот и на Либералната партија не го прифаќаме. Тоа го сметаме за манир кој е прифатлив за тие што го кажуваат и е во основа политика на нивните партии кога се однесува за јавните настапи. За оној, кој што овдека чита, како второ одделение го повторува навистина е прашање да се преиспитува неговиот ментален склоп кога може така да се однесува према друг член на Парламентот и така да се изразува. Мислам дека тоа е толку ниско и испод секоја чест на комуникација која што може да се направи.

Што се однесува до самиот предмет на расправа околу Интерпелацијата и основот што се посочува, прашање навистина на чесно толкување на Уставот и одредбата која го регулира прашањето на замена. Уставот познава две категории вршење и таксативно ги набројува моментите кога тоа се врши и го познава институтот ва замена и тој во овој случај е актуелен за расправа.

Мислам дека е лицемерно за оние кои во континуитет, а на крај тоа и си го покажаа дека со својот настап всушност две личности

се на тапет, не само претседателот на Собранието, туку и претседателот на Републиката лицемерно е истовремено со Интерпелацијата да се јавуваат како заштитници на функцијата на претседателот итн., а во другата функција како пронаоѓачи на пучеви и државни удари и се она што е наведено во Интерпелацијата.

Нас ни е јасно, функцијата претседател на Собрание е добиена на основа на политичките договори помеѓу партиите кои влегоа во Собранието. Ние на основа на гласањето од парламентарните групи го одредуваме и односот помеѓу самите внатре во Парламентот, па и, се разбира односот према учеството наше во Владата итн. Мислам дека е тоа доволно надвор од сите други теми да се пристапи кон гласање и да се види судбината на оваа Интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Флоровски има забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Индиректно бев спомнат. Дали господине Крстевски јас читам или пишувам тоа е мој личен проблем. Но за психофизичкиот развој и за вашиот антрополошки изглед сметам дека антрополозите можат да го кажат своето мислење.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас би искажала само една процедурална забелешка. Имено, претходниот дискутант, а и другите дискутанти од Либералната партија чии што претседател е господинот Андов, тема на дневната Интерпелација сакаат да укажат дека овде оној што зборува за Интерпелацијата, т.е. за господинот Стојан Андов зборува против државата, т.е. против институцијата претседател на Собрание.

Процедуралната забелешка ми е во тоа да се направи разлика меѓу личност и напаѓање на една личност или упатување на забелешки кон работата на една личност и кон институција.Ниеден од овие 120 пратеници не верувам дека ќе стане и ќе зборува за претседател на Собрание како институција, за претседател на држава како институција, за Собранието итн. Ве молам, секој дискутант да прави разлика меѓу институција и што значи рушење на државата преку рушење на институцијата, а не преку рушење на личноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот... За збор се јавуваат господинот Пановски и господин Стефковски.

Значи, сеуште не можам да го заклучам претресот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. На почетокот на мојата дискусија сакам да протестирам што мислам дека е не чуено во рамки на светските парламентарни системи за тој што се води Интерпелацијата истиот и ја води седницата. Мислам дека има три или четири потпретседатели и секој од нив е способен, барем една точка да ја изведе до крај бидејќи за претседавачот на седницата, во случајот господинот претседател на Собранието е најдиректно засегнат со оваа точка. Се надевам дека за време на мојата дискусија нема да бидам прекинуван и нема да ми биде упаѓано во збор.

На почеток веднаш сакам да кажам дека не сум гласал за изборот на претседател, својот глас не го дадов за изборот на господинот Андов и согласно тоа ништо не ме обврзува да гласам во негов корист. Мислам

дека и секоја интерпелација во иднина ќе ја прифатам. Господинот Голубовски зборуваше за некакви стратешки интереси дека не смееме да ја прифатиме Интерпелацијата и т.н., но сметам дека воопшто не држат никакви стратешки интереси или цели туку во интерес на развојот на македонската демократија, ако сите бидеме чесни према самите себеси ќе го дадеме својот глас и ќе избереме нов претседател на Парламентот. Немам намера да дискутирам и да зборувам за малверзациите во сферата на стопанството од актуелниот претседател, околу Макпетрол, околу МИТ Комерц, околу керозинот, околу Ламида, иако и тоа е еден дел од личноста на актуелниот претседател.

Нема да зборувам ни околу некои добронамерни совети кои на минатата седница ми беа упатени дека имам семејство, дека треба да се причувам, тоа беше од еден пратеник од Либералната партија, но сепак ќе го нагласам, господинот Фаик Абди овде сакаше да карикира, да исмејува за едно пратеничко прашање кое што беше поставено на минатата седница, а се однесуваше дали актуелната власт е спремна за да опстои на власта и да убива. Треба да даде власта и за тоа одговор.

Немам намера исто така да зборувам и за поделбата на информативниот простор во Република Македонија помеѓу СДС, ЛП и ПДП, исто така нема да зборувам за партиското претставување на актуелниот претседател на Парламентот во својство на претседател на Партија, иако имаше три или четири примери во странство. И покрај тоа што сметам дека овие интерпелации сега што зачестија, за господинот Фрчковски, господинот Пешев, како и за претседателот на Парламентот господинот Андов, претставуваат за мене една монета за поткусурување и пазарење меѓу партнерите во коалицијата. Сепак мислам дека сме должни сите да си го кажеме овде своето мислење и да гласаме по нашата совест.

IX/11.-

Според мене, мислам дека се работи овде за претседател Парламент, на држава која што можеме влеземе...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (Продолжение)

Што можеме да влеземе во рамките на оние рипилиеви држави за претседател, еден од најголемите манипуланти, ќе дадам оценка, во светската парламентарна демократија од кој што можат да учат многу почетници. И, ќе кажам сега зошто. Соочени сме со ова скоро тригодишно работење на македонскиот Парламент со цела низа од најгруби манипулации и тоа во континуитет, а се со цел за рушење на дигнитетот како на Парламентот во целина, така и на поодделни пратеници. Да почнам од почеток.

Најпрвин неделовничко свикување на седниците. Оваа последнава Шеесет и осма е еден редок пример на деловничко свикуваше. Обично седниците се закажуваат неделовнички, на неколку дена пред нивниот почеток. Постојано доцнење на почетоците на закажаните седници. Некој пратеници овде зборуваа за тоа. За мене за тоа е исклучив виновник претседателот на Парламентот. Доколку тој сакаше мислам дека можеше да се обезбедат услови седниците да започнуваат на време. Додека сме кај закажувањето, на неколку пати исто така на почетоците на седниците сум инсистирал, инсистирале и многу други пратеници да во тесно утврдениот термин за почеток ѕвончето ѕвони, да се собереме, и да нема кворум, да извршиме прозивка, да видиме и јавноста да види кој пратеници постојано се тука, кој постојано ги нема. Зошто, едни те исти пратеници постојано ги нема.

Понатаму гломазни дневни редови доставени со обемни материјали и пред повеќе од 6 и 7 месеци. Јас за ова во една прилика зборував, искочив на оваа говорница со еден куп материјали, ист случај и оваа сега последнава Шеесет и осма седница. Над 80 точки на дневен ред.

Понатаму ставање на точки на дневен ред кој немаат врска со парламентарното работење пример Шеесет и петата седница, судењето на еден пратеник овде присутен господинот Тодор Петров, што нема врска, мислам , со парламентарното работење.

Ограничување на дискусиите на пратениците, што е невидено во светските парламентарни системи. Едноставно, на некој ќе му текне ај да гласаме, јас Ве молам на почетокот на мојата дискусија, барав да бидам сослушан, од ваша страна за прв пат да не ми упаѓате во мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само Вие продолжете, немојте да објаснувате како да ја водиме седницата. зборете си Вие.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Па добро можеби Вие да продолжите да се смеете. Значи како што реков ограничување на дискусии те на пратениците. Ќе му текне на претседателот ќе го стави на гласање, ај да ограничиме на пет минути или само еднаш еден пратеник има право да излегува и да зборува за одредена точка, што за мене е непримерно и во другите парламентарни системи.

Постојано упаѓање во дискусиите на пратениците чии што дискусии не му се бендисуваат на претседателот. Постојана злоупотреба на микрофонот што е само на дваесет сантиметри од него и коментирање само на дискусиите на пратениците од опозицијата како и на оние дискусии на пратеници што не му се бендисуваат. Намерно не сакање да се обезбедат услови за нормално одвивање на институтот пратеничко прашање во смисла на присуство на Владата во комплетен состав во која Влада партиципира и неговата Либерална партија. Свесна и

намерна девалвација на институтот пратеничко прашаше, како еден многу јак институт за јавна контрола на власта, за спречување на злоупотребата на власта како единствена можност за комуникација на пратеник од опозицијата со власта. Исто така честа опструкција на пратеничките прашања и ставањето на крајот на дневниот ред кога јавноста е исклучена, и со самото тоа целата на пратеничкото прашање губи од содржината. Не е лошо да се споменат и искуствата на другите земји за институтот пратеничко прашање кој што сметам дека е многу важен за нашата држава, да се види на кој начин во другите земји со поголема традиција од парламентарното живеење се одвиваат тие прашања ка и тоа што овде кај нас е единствен примерот во светот да пратеници од коалицијата, од власта поставуваат овде на говорницата пратенички прашања. Во цел свет пратенички прашања поставува позицијата. Н е лошо, пред некој ден имаше и натпис во врска со тоа во дневникот Нова Македонија, не е лошо и да се прочита, тоа се оди во прилог н ова што го зборувам.

Понатаму намерна опструкција на точки кој се на дневен ред за да не бидат разгледувани примери, Четириесет и прва седница, Педесет и прва, Педесет и трета, Педесет и шеста, Шеесет и пета, се надевам дека некоја не испуштив.

Понатаму, давање можност на тие што кажуваат невистини слободно да говорат на говорницата, а тие што се прозвани да не можат да дојдат до збор аз да се одбранат. Класичен пример на почетокот на оваа седница и пратеничкото прашање на еден господин од стариот диктаторски, болшевички комунизам, нејќам името да му го спомнувам.

Понатаму, груба манипулација со формулирањето на заклучоците и недозволување согласно деловникот да се гласа за поедини законски проекти. Пример му е од пред повеќе од година и 6-7 месеци има

понудено Предлог закон за формирање на посебно министерство за спорт. Предлогот на закон не се стави на гласање туку господинот претседател си формулира некој свој заклучок дека треба да биде оформено Министерство за спорт за млади, итн. и т.н. И покрај моето инсистирање од 5 или 6 пати излегување на говорница не беше ставен да се гласа туку си го стави својот предлог што сам си го формулира на гласање, на лице место си го формулира.

Понатаму, групи манипулации со јавното гласање и намерно не сакање да се воведе електронско гласање и покрај тоа што за последните три години се издвојуваат буџетски средства за таа намена у има готови изработени елаборати. Господинот Петров ми се чини, ако не се лажам, кажа на кој начин се бројат гласовите.

И после три години работење на овој Парламент намерно не се става на усвојување Предлог деловникот, а се со цел да може понатаму да се манипулира. Повеќе пратеници кажаа за ова и нејќам да одземам од времето.

И , како заклучок, сакам да кажам, сите овие работи укажува на едно глупо рушење на дигнитетот на ова Собрание на опасноста да создадеме една традиција на вакво однесување во иднина зашто тврдам ако четири години вака работи Парламентот во иднина секој што ќе дојде на власт на исти начин ќе манипулира со работењето на овој Парламент. Барем постои реална опасност од тоа.

И, уште нешто, за на крај, ќе прочитам еден дел од говорот на претседателот на Собранието, господин Стојан Андов од 8.о1.199 година, од Првата седница на конституирање на овој Парламент. Во својот говор господинот Андов кажа :"Јас се заблагодарувам на овој избор особено се заблагодарувам на фактот што претседавачот констатира дека ниеден глас немаше против во изборот". Сите оние

затегања кои беа очигледно се од партиски интерес и од некои интереси јас не ги сфатив како да се упатени на мојата личност. Верувајте, да сфатев дека имате приговор на тоа што сум истакнат кандидат или предложен ќе ви се заблагодарев затоа што навистина така одговорна функција не може со успех да се врши ако една или неколку партии имаат сериозни приговори за личноста која треба да го води Парламентот. Тоа беше мојот впечаток и тоа пресуди овде сега да се заблагодарам и да ја прифатам оваа функција". Оттогаш досега очигледно приликите се променети, очигледно повеќе партии, повеќе независни пратеници имаат против личноста што е претседател на овој Парламент и јавно го повикувам овде доколку држи до своите јавно искажани зборови да си поднесе оставка за да може да дојде човек избран пратеник не е битно од која партија кој што ќе воспостави демократски традиции во оваа наша држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гплубовски, реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господинот Пановски, во својата слободна интерпретација го помести значењето на дел од моите искажувања во однос на стратешките интереси, онака како што јас тоа го дефинирав на опозицијата. И, уште еднаш да забележам и децидно на крај и така завршив токму со зборовите дека стратешките интереси на партијата што ја претставува. ВМРО Демократска партија го бара тој претпазлив однос кон ова праша денес и укажав при тоа за да бидам уште еднаш, се надевам последен пат јасен без да се прават некои шпекулации со можност дури и во средствата за информирање дека стратешки интерес на македонската опозиција е одговорноста на владеачката коалиција да ја лоцира временски во предизборната агитација. Се друго би било голема погрешка.

Исто така укажав да се направи разграничување меѓу политичкиот аспект на барање одговорност од она што значи протоколарна и деловничка и при тоа еве сега ја дообјаснувам во првиот дел дека не може да стане збор за политичка одговорност бидејќи во политиката се е дозволено, нормално дека поискусните, повештите, оние што имаат аргументации или ако немаат знаат да ја престават како привид во сите сфери е прао, а воедно од таму произлегува и одговорноста на оние што се опозиционен партнер ако не може на тоа да се спротивстават. Линијата на разграничување е оној момент кога може тоа материјално тоа да се сведе во сферата на деловничките отстапки или излегување и затоа мислам дека тој ист настап што го имав пред неколку часа не може да трпи вакви слободни интерпретации без некој особена. намера, но сеедено таквите истапи во текот на оваа седница понатаму нема да ги коментирам и ги отфрлам однапред како лошо поставени.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, познато е и лично сметам ако го поврзе- ме членот 82 на Уставот на РМ и членот 10 од Уставниот закон дека тие одат заедно, со други зборови постои и право и уставен основ и го оправдува поднесувањето на интерпелацијата од потписниците. Меѓутоа, познато е дека тоа во повеќе наврати се поставуваше прашањето за работата на претседателот на Собранието и познато е и тоа дека и формално и неформално дека се собираат потписи за неговото отповикување и слично. Меѓутоа, интерпелацијата сега е за прв пат да се побара одговорност од претседателот на Собранието од скоро сите политички партии застапени преку свои пратеници и пратенички групи. Ете во тоа е она што му дава квалитет на оваа интерпелација, а интерпелацијата има квалитет само ако е заснована на Уставот.

За што се работи во конкретниов случај и во што беше целта на интерпелацијата, правиме разлика меѓу потписниците од опозицијата и разлика од оние што се од позицијата. Целта беше да на одреден начин се опомене претседателот Андов и се дисциплинира односно да биде во функција на постојната коалиција. Колку е тоа едноставно мислам дека е јасно за секого. Значи, Андов треба да се опомене да слуша зашто ако потписниците, а тоа се добра бројка од позицијата гласаа за интерпелацијата неминовно со паѓањето на Андов се руши и коалицијата, постојната коалиција.

Е, сега кога оваа интерпелација зазеде еден сериозен пристап се јавува во улога на спасител на коалицијата, мислам на Владата, претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров. Јас само накратко ќе ви кажам, настаните на Бит Пазар еден од факторите за дестабилизација на Македонија, претседателот Глигоров одлета во странство, се задржа повеќе денови, неспорно. Понатаму, кога наводно српската армија со далеку стрелна артилерија се распореди долж нашата граница и со тенковски единици повторно претседателот Глигоров беше десетина дена отсутен. Сега пак е претседателот отсутен во Њујорк, но тогаш не постоеја услови за распад на коалицијата, условите постоеја сега кога се даде интерпелацијата, и во овој момент следи писмото на претседателот Глигоров. Значи имаме крајно сериозна ситуација во овие претходни ситуации, немаме заменување на функцијата од страна на претседателот на Собранието, едноставно сега кога дојде во прашање коалицијата тогаш еве уследува едно писмо што лично сметам дека е голема грешка од страна на претседателот на Републиката. Значи со ова кажувам на сите овде присутни дека играта мора да заврши и дека со оваа интерпелација се покажува дека навистина имаме нездрави односи во Република Македонија. Прикривањето во овој случај е јасно. Да бидам пресен на крајот дека

нашата пратеничка група го почитува авторитетот и достоинството на своите членови, во овој случај на нашиот потписник господинот Кирил Ковачевски и стои зад неговиот потпис. Со други зборови ќе гласаме за интерпелацијата, а јас во духот на ова што го реков ги повикувам и другите политички парламентарни групи да застанат зад потписите на своите пратеници, зад господинот Алил Џаферовски и Авди Муртезани за да навистина ставиме крај на оваа коалициона Влада.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Додека доаѓа на говорница некој од пратениците реагираат) Ја примам опомената за доста, да не говорам, ќе бидам вообичаено од редовно пократок. Она што го кажа претседателот на пратеничката или раководителот на пратеничката група е негово видување, говори од името на групата и во свое лично име. Ја сакам да направам само една споредба. Треба да имаме сознание и разум, трајно. Отсутноста на господинот претседател на Собранието беше совпадната со еден настан кога и претседателот на Републиката Киро Глигоров беше во Шујорк. Тој дали беше во Швајцарија или на друго место не знам, кога се постави од оваа говорница прашање како можеше да биде и претседателот на Собранието отсутен кога го нема претседателот на државата. Не од таа говорница таму туку господинот претседател на Собрание се симна од оваа говорница и од овдека говореше. Даваше толкување претседателот ја врши функцијата во Обединетите нации и тука нема потреба од заменување. Мене ми создава како на правник една дилема дали тогаш имаше тој Устав едно значење, сега , денеска има друго значење, друго ништо.

X/9. -

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Никој не бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот .

Предлогот содржан во интерпелацијата за утврдување на одговорноста за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Да ве потсетам дека за интерпелација Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Кој е за молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за интерпелацијата.

Кој е против, молам да крене рака?

48 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

11 пратеници се воздржуваат од гласањето.

Според тоа, констатирам дека Собранието утврди дека не постојат основи за утврдување на одговорноста на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Предлагам да одиме на пауза од еден час, да можат да ручаат луѓето и да продолжиме.

( Паузата започна во 15,15 часот).

X/10.-

(Седницата продолжи со работа во 16,25 часот).

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Ве молам за 10,00 минути ако не можете да ги повикате :а да чекаме понатаму, ќе утврдиме точен број во 16,35 часот.

Молам, службите да утврдат точен број на присутен број пратеници.

Во салата има 54 пратеници така што немаме можност да работиме понатаму.

Утре во 10,00 часот продолжуваме со работа.

(Седницата прекина со работа во 16,40 часот).